# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 29 јуни 1977
Скопје
Број 27 Год. XXXIII

Претплатата за 1977 година изнесува 380 динари. Овој број чини 10 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**310.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЛОЖБАТА И ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за положбата и овластувањето на Црвениот крст на Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година.

Број 06-1754
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ПОЛОЖБАТА И ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Црвениот крст на Македонија е доброволна општествена и самоуправна организација која остварува определени хуманитарни цели и задачи во областа на здравството, социјалната политика и воспитувањето.

Дејноста што ја врши Црвениот крст на Македонија е од посебен општествен интерес.

Член 2

Црвениот крст на Македонија е во состав на Црвениот крст на Југославија.

Знакот на Црвениот крст на Југославија е и знак на Црвениот крст на Македонија.

Член 3

Црвениот крст на Македонија е единствена организација што ја сочинуваат организациите на Црвениот крст од подрачјето на Социјалистичка Република Македонија, организирани во месните заедници, организациите на здружениот труд, општините и во град Скопје.

Организацијата, делокругот и начинот на работа на органите и службите на Црвениот крст на Македонија се утврдуваат со Статутот.

Член 4

Црвениот крст на Македонија, освен јавните овластувања утврдени во Законот за положбата и овластувањата на Црвениот крст на Југославија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 13/76) ги врши и овие јавни овластувања:

1) работи на хуманитарно и здравствено воспитување на своите членови и другите работни луѓе и граѓаните, а особено децата и младината;

2) го оспособува населението и организира екипи за прва медицинска помош, за домашна нега на болни и повредени, за хигиенско епидемиолошка заштита и згрижување и други екипи за потребите на општествената самозаштита и за потреби во воени услови;

3) учествува во спроведувањето на мерки и акции за превентивна здравствена заштита;

4) го популаризира крводарителството, ги собира дарителите и за нив води евиденција;

5) организира услуги за домашна нега на болни и стари лица и за давање прва помош на повредени и оспособува кадри за работа во нив;

6) учествува во решавањето на социјално-медицински проблеми;

7) собира, средува, чува и дава податоци за жртвите од масовните несреќи и вооружените судири и ја врши службата за барање;

8) врши и други работи одредени со закон.

Член 5

Црвениот крст на Македонија во вршењето на јавните овластувања соработува со: општествено-политичките заедници и нивните органи, месните заедници, интересните заедници во областа на здравството, инвалидското и пензиското осигурување, социјалната заштита и образованието, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, Југословенската народна армија, територијалната одбрана и цивилната заштита, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженија на граѓани кога е тоа од заеднички интерес.

Органите, организациите и заедниците од став 1 од овој член во рамките на својот делокруг, должни се да му даваат помош на Црвениот крст на Македонија заради извршување на неговите задачи.

Член 6

Црвениот крст на Македонија, самостојно, или преку органите на Црвениот крст на Југославија, соработува со националните друштва на Црвениот крст, Црвената полумесечина, Црвениот лав и сонце и со други национални хуманитарни, здравствени и социјални организации.

Член 7

Заради информирање и вклучување на граѓаните во хуманитарните задачи на Црвениот крст на Македонија Црвениот крст организира традиционални активности и манифестации: „Недела на Црвениот крст“, „Недела на борба против туберкулозата“, „Недела на борба против ракот“, „Недела на солидарноста“ и „Недела за социјално загрозените стари лица“.

„Неделата на Црвениот крст“ секоја година се одржува во мај, „Недела на борба против туберкулозата“ — во септември, „Недела на борба против ракот“ во март, „Недела на солидарноста“ — во јуни—јули, а „Недела на социјално загрозените стари лица“ — во октомври.

Црвениот крст на Македонија со самоуправен општ акт ќе ги утврди деновите кога се организираат манифестациите од став 1 од овој член.

Член 8

За остварување на своите цели и извршување на задачите Црвениот крст на Македонија се здобива со средства:

— од членарина,

— од надоместок за услугите што ги врши,

— од самоуправните интересни заедници за извршените договорни програми,

— од други акции и активности преземени со цел за собирање парични и материјални средства,

— од приходи остварени за време на „Неделата на Црвениот крст“ и на „Неделата на борба против туберкулозата“,

— од општествено-политичките заедници, општествено-политичките и други организации,

— од приходи од игра на среќа,

— од подароци и завештанија,

— од приходи од имоти и права,

— од прилози на граѓани, организации на здружениот труд и други општествени органи и организации,

— од приходи што ги остварува врз основа на закон и други прописи.

Член 9

На секоја продадена влезница за приредби (културни, кинематографски и забавни, спортски средби и натпревари) на кои е дозволено влегувањето со плаќање на влезница се наплатува придонес во корист на Црвениот крст на Македонија.

За приредби во смисла на став 1 од овој член не се сметаат изложбите на слики, скулптури и други предмети од уметничка или музејска вредност, театарски претстави ниту приредбите што ги организираат ученици и студенти во кругот на училиштата и факултетите.

Висината и придонесот од став 1 на овој член ја утврдува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог на Републичкиот одбор на Црвениот крст.

Член 10

За времето додека трае „Неделата на Црвениот крст“ и „Неделата на борба против туберкулозата“ се плаќа придонес во корист на Црвениот крст на Македонија во износ од еден динар, и тоа:

1) на секој продаден патнички билет во меѓумесен и меѓународен, воздушен, железнички и автобуски промет;

2) на сите поштенски пратки во внатрешен промет, освен на весниците и списанијата.

Член 11

За времето на „Неделата на Црвениот крст“, „Неделата на борба против туберкулозата“, „Неделата на борба против ракот“, „Неделата на солидарноста“ и „Неделата на социјално загрозените стари лица“ Црвениот крст на Македонија може да организира акции за собирање на доброволни прилози и подароци.

Член 12

Одделниот придонес од членовите 9 и 10 од овој закон го наплатуваат организациите што ги продаваат патничките билети, влезниците за приредби и поштенските доплатни марки.

Член 13

Собраните парични средства врз основа на членовите 9 и 10 од овој закон се уплатуваат на одделна сметка на општинската организација на Црвениот крст на чие подрачје се собрани.

Член 14

Организациите на здружениот труд и другите правни лица од членовите 9 и 10 од овој закон се должни на надлежните органи и на Службата на општественото книговодство да им овозможат контрола на уплатите и на пресметувањето на паричните средства собрани во корист на организациите на Црвениот крст.

Член 15

Организациите на Црвениот крст на Македонија можат да даваат услуги за сместување и исхрана на лица на кои таква форма на помош им е потребна од социјални, здравствени и други причини и да организираат исхрана во случај на вонредни ситуации.

Организациите на Црвениот крст можат да основаат организација на здружениот труд за давање услуги од став 1 на овој член.

Давањето на услуги за сместување и исхрана од став 1 на овој член не се смета за угостителска дејност.

Член 16

Црвениот крст на Македонија е ослободен од плаќање на придонеси и даноци на приходи што ги реализира врз основа на член 8 од овој закон, освен данокот и придонесот од доходот и личните доходи.

Член 17

Црвениот крст на Македонија е ослободен од плаќање придонес и данок на неподвижен имот и полагање депозит за инвестиции и за набавка на основни средства наменети за извршување на целите и програмските задачи на Црвениот крст на Македонија.

Член 18

Со парична казна до 30.000 динари ќе се казни за прекршок организација на здружениот труд или друго правно лице:

1) ако не уплати соодветни средства на сметка на Црвениот крст (членовите 9 и 10);

2) ако на надлежниот орган му оневозможуваат, или му пречат во вршењето на контролата на пресметувањето и уплатата на паричните средства (член 13).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружениот труд или во друго правно лице со парична казна до 3.000 динари.

Член 19

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**311.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

Се прогласува Законот за студентските домови, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 16 јуни 1977 година.

Број 06-1756
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ

Член 1

Студентскиот дом е организација на здружениот труд од насоченото образование кој се основа заради создавање услови за остварување на воспитанието и образованието на студентите.

Условите за остварување на воспитанието и образованието се обезбедуваат преку: сместување, исхрана, задоволување на воспитно-образовните и културно-забавните потреби, физичка рекреација и спорт, здравствена заштита и вршење други дејности за потребите на студентите на високообразовните организации.

Член 2

Дејноста на студентските домови е од посебен општествен интерес.

Член 3

Студентскиот дом има својство на правно лице.

Член 4

Во остварувањето на задачите студентскиот дом особено:

— со целокупната организација и содржина на воспитната работа придонесува за изградување на марксистичкиот поглед на светот и за развивањето на социјалистичката самоуправна свест, оспособување и подготовка на студентите за општонародна одбрана и општествена самозаштита;

— ја развива свеста на колективен живот и работа и ги негува хуманоста, солидарноста и одговорноста;

— создава поповолни услови за образование на студентите преку обезбедување на нивно сместување, исхрана, отворање библиотеки и читални и грижа за нивниот здравствен и психофизички развиток.

Член 5

Дејноста на студентскиот дом се утврдува со програма за работа што ја донесува студентскиот дом најдоцна до крајот на ноември секоја година.

Во програмата на студентскиот дом се конкретизираат начинот и постапката на остварување задачите на студентскиот дом.

Член 6

За користење на услугите во студентскиот дом студентите плаќаат надоместок. Висината на надоместокот се утврдува во согласност со соодветната самоуправна интересна заедница за насочено образование.

Член 7

Студентскиот дом во остварувањето на своите задачи соработува со Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, самоуправните интересни заедници за насочено образование, високообразовните организации и нивните заедници, како и со другите заинтересирани органи и организации.

Член 8

Студентските домови можат да се здружуваат во центри, односно заедници на студентските домови заради унапредување на својата дејност и остварување на заеднички интереси.

Член 9

Студентскиот и ученичкиот дом можат заеднички во целост да ја остваруваат својата дејност.

Член 10

Условите и постапката за прием на студентите во студентскиот дом се определуваат со самоуправна спогодба меѓу студентскиот дом, Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, високообразовните организации, Универзитетот и самоуправните интересни заедници за насочено образование, во согласност со овој закон.

Член 11

Заради развивање иницијатива, свесна дисциплина и одговорност на студентите за својата работа и однесување, јакнење на колективната и меѓусебната соработка и заради соработка со работните луѓе во домот, студентите во домот образуваат заедница на студентите.

Член 12

Заедницата на студентите може да покренува иницијатива и да дава предлози и мислења до органите на студентскиот дом за решавање на сите прашања од работата и животот во домот.

Органите на домот се должни да ги разгледаат доставените барања, мислења и предлози од заедницата на студентите и да ги известуваат за својот став.

Организацијата и работата на заедницата на студентите се регулира со статутот на студентскиот дом.

Член 13

При користењето на услугите во студентскиот дом, студентите се должни да се придржуваат за одредбите на самоуправните општи акти на домот кои што се однесуваат на животот и работата во домот и одговорно да се однесуваат кон средствата на домот.

Со статутот на студентскиот дом се пропишуваат дисциплинските мерки и органите кои што ги изрекуваат тие мерки.

Начинот и постапката за изрекување на дисциплинските мерки на студентите, кои не се придржуваат за одредбите на самоуправните општи акти на домот што се однесуваат на работата и животот на студентите во домот, се регулираат со самоуправен општ акт на домот.

Член 14

Студентски дом може да основе општествено-политичка заедница, самоуправна интересна заедница за насочено образование, Универзитетот, високообразовна и друга организација на здружениот труд, и Сојузот на социјалистичката младина на Македонија.

Член 15

Студентски дом може да се основе ако:

— постои потреба од остварување дејноста на домот;

— се обезбедени средства за соодветни објекти, опрема, библиотека и други придружни простории неопходни за остварување на целите и задачите на студентскиот дом;

—се обезбедени извори на финансиски средства за работа на домот;

— се обезбедени потребните кадри за реализација на програмата.

Член 16

Актот за основање на студентски дом се донесува во согласност со соодветната самоуправна интересна заедница за насочено образование, по претходно прибавено мислење од Универзитетот.

Согласност од претходниот став не е потребна ако студентскиот дом го основа Републиката.

Член 17

Со актот за основање на студентскиот дом се формира и матична комисија која, покрај другите задачи, ги врши и сите подготовки за почеток со работа на домот.

Матичната комисија престанува со работа по изборот на првите пет вработени во домот од кои најмалку 3 вработени се со високо образование.

Член 18

Новооснован студентски дом може да почне со работа откако Републичкиот секретаријат за образование и наука ќе утврди дека студентскиот дом ги исполнува условите од член 15 на овој закон.

Член 19

Студентскиот дом може да ја прошири својата дејност.

Со проширување дејноста на студентскиот дом не смее да се наруши остварувањето на целите и задачите на домот.

Актот за проширување дејноста на студентскиот дом се донесува во согласност со соодветната самоуправна интересна заедница за насочено образование.

Член 20

Во одлучувањето за работите од посебен општествен интерес одредени со овој закон учествуваат и претставници на: основачот, Републиката и општината на чие подрачје е седиштето на домот, Универзитетот, Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, како и високообразовните и другите заинтересирани организации одредени со статутот на домот (претставници на општествената заедница).

Во остварувањето на самоуправувањето на студентскиот дом учествуваат и редовните студенти корисници на услугите на домот според одредбите на овој закон и на статутот на домот.

Член 21

Заради остварување на самоуправувањето, редовните студенти корисници на домот формираат делегација од чии членови избираат постојани или повремени делегати кои учествуваат во одлучувањето за работите одредени со овој закон и со статутот на студентскиот дом.

Со статутот на студентскиот дом се одредуваат бројот и составот на делегацијата и бројот на делегатите, како и начинот на изборот и отповикувањето на делегацијата од претходниот став.

Член 22

За работите од посебен општествен интерес се одлучува и со мнозинство гласови на претставниците на општествената заедница и на делегатите на студентите.

Доколку не се постигне мнозинство од претходниот став, се формира заедничка комисија за усогласување на ставовите по спорното прашање, составена од еднаков број членови од редот на работниците на студентскиот дом, од редот на претставниците на општествената заедница и од редот на делегатите на студентите.

Ако комисијата не постигне согласност, односно не биде прифатен нејзиниот предлог, спорното прашање не може да биде разгледувано пред истекот на два месеца.

Ако не е постигната согласност по прашање од кое битно зависи остварувањето на целите и задачите на студентскиот дом, одлука по спорното прашање донесува собранието на општината на чие подрачје е седиштето на домот, а за студентскиот дом основан од Републиката одлука по спорното прашање донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 23

Работите од посебен општествен интерес во одлучувањето по кои учествуваат претставниците на општествената заедница и делегатите на студентите се:

1) донесување статут и самоуправна спогодба за здружување;

2) донесување програма за работа и развој и утврдување на мерки за нејзино остварување;

3) одлучување за основните намени за користење на средствата и за основните услови за стекнување на доходот;

4) грижа за условите за живот и работа на студентите;

5) одлука за проширување дејноста на студентскиот дом;

6) утврдување висината на надоместокот што го плаќаат студентите за користењето на услугите на домот;

7) избирање членови на комисијата за именување работоводен орган на студентскиот дом;

8) именување и разрешување индивидуален работоводен орган, односно претседател на колегијалниот работоводен орган на студентскиот дом;

9) именување и разрешување на работниците на раководни работни места;

10) одредување калкулативна стапка на трошоците за инвестиционо одржување на основните средства и максималните стапки на амортизацијата.

Член 24

Работењето на студентскиот центар го води работоводниот орган на домот кој го организира остварувањето на целите и задачите на домот и ги извршува одлуките на органот на управувањето на домот и на неговиот извршен орган.

Член 25

За индивидуален работоводен орган, односно претседател на колегијалниот работоводен орган, на студентски дом може да биде именувано лице кое има високо образование, организациони способности и морално-политички квалитети.

Член 26

Индивидуалниот работоводен орган, односно претседателот на колегијалниот работоводен орган, на студентски дом се именува по предлог од комисија, што е составена од 6 членови од кои: двајца претставници од вработените во студентскиот дом и синдикатот, еден претставник на собранието на општината на чие подрачје е седиштето на домот, еден претставник на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, еден претставник на Универзитетот и еден претставник на студентите корисници на услугите на домот.

Член 27

Индивидуалниот работоводен орган, односно претседателот на колегијалниот работоводен орган, на студентскиот дом го именува и разрешува од должност органот на управување на домот во кој учествуваат и претставниците на општествената заедница и на студентите, во согласност со Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 28

На самоуправната спогодба за здружување и на статутот на студентскиот дом, во делот со кој се уредуваат прашањата по кои учествуваат во одлучувањето претставниците на општествената заедница и студентите, согласност дава собранието на општината на чие подрачје е седиштето на домот, а за студентскиот дом основан од Републиката, согласност дава Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 29

Надзор на законитоста на работата на студентскиот дом врши Републичкиот секретаријат за образование и наука.

Член 30

Кога Републичкиот секретаријат за образование и наука ќе утврди дека студентскиот дом во текот на работата не исполнува некои од пропишаните услови за вршење на дејноста, ќе одреди рок во кој студентскиот дом е должен да ги исполни условите и за тоа ќе го извести основачот и соодветната самоуправна интересна заедница за насочено образование.

Ако студентскиот дом дојде во неможност да одговара на своите обврски, односно во завршната сметка искаже непокриена загуба, а соодветната самоуправна интересна заедница за насочено образование и по преземањето мерки за санација не обезбеди услови студентскиот дом да одговори на своите обврски, собранието на општината на чие подрачје е седиштето на домот, а за студентскиот дом основан од Републиката Собранието на Социјалистичка Република Македонија, ќе утврди и спроведе мерки за санација.

Кога ќе престане потребата од постоење на студентскиот дом, Републичкиот секретаријат за образование и наука ќе му предложи на собранието на општината на чие подрачје е седиштето на домот, а за студентскиот дом основан од Републиката на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да донесе акт за престанување со работа на студентскиот дом.

Член 31

Постојните студентски домови ќе ја усогласат својата организација и работа со одредбите на овој закон најдоцна во рок од 1 година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 32

Мандатот на досегашните органи на управување и на индивидуалниот работоводен орган на студентските домови трае до истекот на времето за кое се избрани односно именувани.

Член 33

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за студентските центри („Службен весник на СРМ“ број 45/68 и 33/71).

Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**312.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БОРЕЧКИ ДОДАТОК НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година.

Бр. 06-1748
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БОРЕЧКИ ДОДАТОК НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 23/75), член 3 се менува и гласи:

„Боречкиот додаток се одредува во висина на разликата меѓу личниот доход остварен за работата во полно работно време и износот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија од претходната година, зголемен за 6 отсто (во натамошниот текст: основот за одредување на боречкиот додаток).

Личниот доход остварен за работата во полно работно време, во смисла на став 1 на овој член, не може да биде помал од загарантираниот личен доход утврден во основната организација на здружениот труд.

Ако животните трошоци во првото полугодие на тековната година пораснат над 8 отсто основот за одредување на боречкиот додаток се зголемува како аконтација, за процентот на порастот на животните трошоци, со тоа што зголемувањето му припаѓа на корисникот од 1 јули во тековната година.

Основот за одредување на боречкиот додаток од став 1 на овој член и процентот на зголемувањето на основот од став 3 на овој член ги утврдува републичкиот секретар за здравство и социјална политика, врз основа на официјални податоци на Сојузниот завод за статистика“.

Член 2

Во член 4 став 3 зборовите „организацијата и финансирањето на“ се бришат.

Член 3

Во член 7 став 1 зборовите „организацијата на здружениот труд“ се заменуваат со зборовите „основната организација на здружениот труд, друга самоуправна организација или заедница“.

Во став 2 меѓу зборовите „управата, надлежен“ запирката се брише и се додаваат зборовите „на Собранието на општината „Центар“ — Скопје“, по зборот „инвалиди“ се става точка, а зборовите „на Собранието на град Скопје“ се бришат.

Член 4

Во член 8 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако барањето од став 1 на овој член е поднесено пред донесувањето на решението за утврдување на посебниот стаж според одредбите на Законот од пензиското и инвалидското осигурување, боречкиот додаток припаѓа најрано од првиот ден на наредниот месец по донесување на конечното решение за утврдување на посебниот стаж“.

Член 5

Во член 12, став 1 се менува и гласи:

„Средствата за исплата на боречкиот додаток, како и средствата на данокот и придонесот на износите на боречкиот додаток што се плаќаат од личниот доход за задоволување на општите и заедничките општествени потреби, се обезбедуваат во буџетот на Републиката“.

Во став 3 зборовите: „Во рок од 15 дена од донесувањето на завршната сметка“, се заменуваат со зборовите: „најдоцна до 31 март на тековната година“.

Член 6

По член 18 се додава нов член 19 кој гласи:

„Додека во основната организација на здружениот труд не ќе се утврди загарантираниот личен доход, како загарантиран личен доход во смисла на член 1 став 2 од овој закон ќе се смета личниот доход утврден со општествен договор, односно со закон“.

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ да утврди пречистен текст на Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија.

Член 8

Одредбите од член 1 на овој закон кои се однесуваат на утврдувањето на основот за одредување на боречкиот додаток и за неговото усогласување со порастот на животните трошоци, ќе се применуваат од 1 јануари 1977 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

**313.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 16 јуни 1977 година.

Бр. 06-1749
16 јуни 1977 година
Скопје

| Претседател | Претседател |
|---|---|
| на Собранието на СРМ, | на Претседателството на СРМ, |
| **Благоја Талески,** с. р. | **Видое Смилевски,** с. р. |

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги („Службен весник на СРМ“, број 45/72, 3/73, 17/74, 30/74, 19/75, 22/75, 34/75, 46/75 и 39/76), во тарифниот број 1 став 2 точка 3 од Тарифата се бришат зборовите „вештачки безалкохолни пијалаци“.

Член 2

Тарифниот број 3 се менува и гласи:

„Тарифен број 3

На прометот на алкохолните и на вештачките безалкохолни пијалаци се плаќа посебен републички данок на промет на производи, и тоа:

1. На прометот на алкохолните и на вештачките безалкохолни пијалаци произведени од 50 отсто и повеќе домашни суровини по вредности:
— природно вино, ракија и вињак 4 отсто,
— пиво и останати алкохолни пијалаци 12,5 отсто,
— вештачки безалкохолни пијалаци 4 отсто.

2. На прометот на алкохолните и на вештачките безалкохолни пијалаци од сите видови произведени со помалку од 50 отсто домашни суровини, сметано по вредности 30 отсто“.

Член 3

Тарифниот број 4 се менува и гласи:

„Тарифен број 4

На прометот на книги и други публикации се плаќа посебен републички данок на промет на производи по стапка од 35 отсто.

Посебен републички данок на промет на производи од став 1 на овој Тарифен број не се плаќа на прометот на: книги, брошури и други публикации, грамофонски плочи, снимени магнетофонски и видео-касети и снимени магнетофонски и магнетни ленти — од областа на науката, уметноста, културата, образованието и воспитувањето, стручни публикации, информативен печат, филмови за настава и каталози и книги на музеи, ликовни галерии и изложби.

Мислење за тоа дали се во прашање производи од став 2 на овој Тарифен број е должен да прибави издавачот, односно увозникот од републичкиот орган на управата надлежен за работите на културата пред пуштањето на тие производи во прометот.

За публикации издадени во другите социјалистички републики односно социјалистички автономни покраини што се наоѓаат во прометот на територијата на Социјалистичка Република Македонија важи мислењето издадено од надлежниот орган на соодветната република, односно покраина“.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 1977 година.

**314.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 16 јуни 1977 година.

Бр. 06-1750
16 јуни 1977 година
Скопје

| Претседател | Претседател |
|---|---|
| на Собранието на СРМ, | на Претседателството на СРМ, |
| **Благоја Талески,** с. р. | **Видое Смилевски,** с. р. |

## З А К О Н

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ И ПРАВА

Член 1

Во Законот за данокот на промет на недвижности и права („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72 и 47/75), во член 1 став 1 зборовите: „се воведува“ се заменуваат со зборовите „се плаќа“.

Член 2

Во член 3 став 1 точка 9 зборот „национализирано“ се заменува со зборот „поопштествено“.

Во точката 10, по зборовите: „општествено-политичка организација“ се додаваат зборовите: „и друга општествена организација“, а зборовите: „Приватно правно лице“ се заменуваат со зборовите: „Граѓанско правно лице“.

Во точка 12, точката се заменува со точка и запирка.

По точка 12, се додава нова точка, која гласи:

„13) Кога поранешниот сопственик од точка 8 на овој член, во рок од 1 година од денот од кога го примил надоместокот, купи друга недвижност, и тоа до износот на надоместокот за експроприраната недвижност“.

Член 3

Во член 4 став 3 зборот: „сопственик“ се заменува со зборот „сосопственик“.

Во став 4, на крајот се додаваат зборовите: „односно неговите наследници".

Член 4

Во член 13 зборовите: „давачот на имотот, односно правото" се заменуваат со зборовите: „Примателот на издршката".

Член 5

Во член 15 се додава нов став, кој гласи:

„Даночниот обврзник кој настанувањето на даночната обврска не ја пријавил навремено, ќе плати на име зголемен данок 20 отсто од обложениот износ на данокот".

Член 6

Во член 20-г, по став 2, се додаваат два нови ставови, кои гласат:

„Решението за враќање на платениот данок го донесува органот за приходи на општината по барање од даночниот обврзник, односно другото лице, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Решението за враќање им се доставува на подносителот на барањето и на Службата на општественото книговодство со налог за готовинска исплата, односно вирмански налог, ако враќањето се врши на општествено правно лице".

Член 7

Во член 21, став 1 се менува и гласи:

„Организација на здружениот труд и друго општествено правно лице ќе се казни за даночен прекршок со парична казна од 5.000 до 50.000 динари:

1. Ако не го пријави настанувањето на даночната обврска во одредениот рок или не поднесе, односно не достави потребни податоци за обложување со данокот (член 14);

2. Ако не овозможи пристап на земјиштето и објектите на овластените лица за утврдување на прометната вредност на недвижноста, односно правото (член 7 став 4) и

3. Ако при исплатата на надоместокот за купени права не го запре и уплати данокот на промет на недвижности и права (член 20-а став 2)".

Во став 2, зборовите: „другата организација" се заменуваат со зборовите· „друго општествено правно лице".

Член 8

Во член 22 став 1 зборовите: „од претходниот член приватно-правното лице — граѓанинот" се заменуваат со зборовите: „од член 21 став 1 точките 1 и 2 од овој закон, даночниот обврзник-граѓанинот и граѓанското правно лице".

Во став 2, зборовите: „приватно-правно лице" се заменуваат со зборовите: „Граѓанско правно лице".

Член 9

Во член 23, точката 3 се менува и гласи:

„3) Ако не донесе решение за враќање на данокот во одредениот рок (член 20-г, став 3)".

Член 10

Во член 25, став 1 се менува и гласи:

„Прекршочната постапка за даночните прекршоци, поради повреда на одредбите на овој закон, ја води и решение за прекршок донесува органот за приходи на општината според Законот за прекршоците".

Во став 2, по зборот „води", се додаваат зборовите: „и решение за прекршок донесува".

Член 11

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за данокот на промет на недвижности и права.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**315.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пожар,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година.

Бр. 06-1766
16 јуни 1977 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Претседател на Собранието на СРМ, | Претседател на Претседателството на СРМ, |
| **Благоја Талески,** с. р. | **Видое Смилевски,** с. р. |

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Член 1

Во Законот за заштита од пожар („Службен весник на СРМ" бр. 32/71), член 1 се менува и гласи:

„Заради заштита од пожар и спасување животот на луѓето и имотот, работните луѓе и граѓаните, организациите на здружениот труд, општествено-политичките заедници, месните заедници, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките организации, општествените организации, здруженијата на граѓаните и државните органи преземаат мерки заради отстранување на причините за предизвикување пожар, спречување ширењето на пожар, гаснење на пожар и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар".

Член 2

Во член 2, став 1 се менува и гласи:

„Заштитата од пожар опфаќа збир на мерки и дејности од нормативна, оперативна, организациона, управна, надзорна, техничка, образовна и пропагандна природа".

Во став 2 по зборот „средини" се става запирка и се додава зборот „објекти".

Член 3

По член 2 се додава нов член кој гласи:

„Член 2-а

Заштитата од пожар е работа од општ интерес за Републиката".

Член 4

Член 3 се менува и гласи:

„Работните луѓе и граѓаните, организациите на здружениот труд, општествено-политичките заедници, месните заедници, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, општествено-политичките организации, општествените организации, здруженијата на граѓаните и државните органи се должни во спроведувањето на мерките за заштита од пожар да постапуваат во согласност со закон со други прописи и општи акти и со плановите за заштита од пожар".

Член 5

Во член 4 зборовите: „регионално — просторните и урбанистичките планови, или во одлуките што ги заменуваат тие планови" се заменуваат со

зборовите: „просторните и урбанистичките планови, или во општите акти на општината со кои се регулираат режимот и условите на градење во населените места".

Член 6

По член 7 се додава нов член кој гласи:

„Член 7-а

Противпожарните единици имаат соодветна техничка опрема и средства за гаснење пожар со кои се во состојба да ги извршуваат задачите на своето подрачје, околина и објекти.

Пожарникарите, односно членовите на противпожарната единица мораат да бидат стручно оспособени за гаснење пожар и за спасување животот на луѓето и имотот".

Член 7

Во член 8 зборовите: „Заводите за осигурување и реосигурување" се заменуваат со зборовите „Заедниците за осигурување имоти и лица".

Член 8

Член 9 се менува и гласи:

„Одредбите од овој закон за правата и обврските на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи во заштитата од пожар сообразно се применуваат и на граѓанско правните лица, како и на лицата кои самостојно вршат земјоделска, занаетчиска, професионална и друга дејност со личен труд".

Член 9

По член 9 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 9-а

Општествено-политичките организации и општествените организации преку своите активности ги поттикнуваат работните луѓе и граѓаните во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи на организирано преземање активности и мерки за заштита од пожар, како и развивање, унапредување и усовршување на формите за заштита од пожар.

Член 9-б

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници кои што се занимаваат со информативна дејност преземаат програмирани и други мерки за вистинито навремено и редовно информирање на работните луѓе и граѓаните за активностите и мерките што организациите на здружениот труд, општествено-политичките заедници, месните заедници, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации, општествените организации, здруженијата на граѓаните и државните органи ги преземаат за заштита од пожар, развивање на безбедносната култура и јакнењето на општествената дисциплина во врска со заштитата од пожар".

Член 10

Називот на глава „II. ЗАШТИТА ОД ПОЖАР" се менува и гласи: „II. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР".

Член 11

Во член 11 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Со општинскиот план за заштита од пожар особено се утврдува проценатa на загрозеноста од пожар, организацијата на заштитата од пожар, потребата од постоење противпожарни единици и служби за заштита од пожар, начинот на употребата на противпожарните единици, начинот на известување, постапката во случај на пожар, потребата од уреди, техничка опрема и средства за гаснење пожар, начинот на снабдување со вода, пристапните патишта, премините и приодите до објектите, соработката со другите противпожарни единици, начинот на подготвување на членовите на противпожарните единици, работните луѓе и граѓаните, како и други мерки потребни за успешно функционирање и унапредување на заштитата од пожар и за спроведување надзор над извршувањето на мерките за заштита од пожар".

Став 2 станува став 3.

Во досегашниот став 3, кој станува став 4, бројот „2" се заменува со бројот „3".

Досегашниот став 4 станува став 5 и се менува и гласи:

„Увид на усогласеноста на плановите за заштита од пожар на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници со општинскиот план за заштита од пожар остварува општинскиот орган за внатрешни работи".

Член 12

Во член 12 зборовите: „регионално — просторните и урбанистичките планови, како и со одлуките кои ги заменуваат" се заменуваат со зборовите: „просторните и урбанистичките планови, како и со општите акти на општината со кои се регулираат режимот и условите за градење во населените места".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„При изготвувањето на плановите од став 1 на овој член се прибавува мислење од надлежниот орган за внатрешни работи во однос на застапеноста на мерките за заштита од пожар".

Член 13

Во член 13 став 1, по зборот „закон" се става запирка, а зборовите во продолжението на реченицата „и прописи донесени врз основа на закон", се заменуваат со зборовите „други прописи и општи акти (нормативи, стандарди, технички прописи, условите утврдени за определена локација), како и мерки усвоени во правилата на техничката практика".

Во став 2, по зборот „инвеститорите" запирката се заменува со точка, а зборовите во продолжението на реченицата: „односно изведувачите на работите" се бришат".

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Изведувачите на работите ако забележат недостатоци во инвестиционо-техничката документација во поглед на заштитата од пожар се должни за тоа да го известат инвеститорот".

Во став 3, кој станува став 4, зборовите: „регионално-просторните планови, или одлуките кои ги заменуваат" се заменуваат со зборовите: „просторните и урбанистичките планови, или на општите акти на општината со кои се регулира режимот и условите за градење во населените места".

Член 14

По член 13 се додава нов член, кој гласи:

„Член 13-а

При проектирање и градба на станбени објекти, како и објекти наменети за јавна употреба, во кои се собираат или престојуваат поголем број лица (хотели, пансиони, стоковни куќи, сајмишта, кина, театри, банки, пошти, патнички станици, училишта, болници, поголеми административни и други објекти), мора да се предвидат и обезбедат услови што ќе овозможат тие лица во случај на пожар брзо и непречено да го напуштат објектот, како и да бидат поставени уреди, техничка опрема и средства за откривање и гаснење на пожар".

Член 15

Во член 14 став 1, кратенката „KWA" се заменуваат со кратенката „KVA"; зборовите „преку 4 ката", се заменуваат со зборовите „со над 15 м. височина од котата на теренот", а по зборот „преработуваат" се става запирка и се додава зборот „користат".

Во став 2 зборот „Дозвола“ се заменува со зборот „Одобрение“, зборовите: „градба, адаптација“ се заменуваат со зборовите: „изградба, доградба, надградба“, а зборот „набавено“ се заменува со зборот „прибавено“.

По став 2 се доделуваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Претходно мислење по одобрение за изградба, доградба, надградба и реконструкција на објект од став 1 на овој член, што е од општ интерес за Републиката, дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

При вршењето на технички преглед на новоизградените, доградените, надградените и реконструираните објекти од став 1 на овој член, учествува и надлежниот орган за внатрешни работи“.

Член 16

По член 14 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 14-а

Мерките за заштита од пожар предвидени во инвестиционо-техничката документација за објектите од член 14 став 1 од овој закон проектантите се должни да ги прикажат во посебен проект што е составен дел на инвестиционо-техничката документација.

Посебниот проект од претходниот став мора да биде изработен така што од него, врз основа на графичките прикази, пресметките и текстуалните објаснувања, да може да се согледаат избраните решенија за заштита од пожар, нивната функционалност и ефикасност, како и да се наведат прописите или правилата на техничката практика врз кои се засноваат тие решенија.

Во посебниот проект за заштита од пожар, што е составен дел на инвестиционо-техничката документација во смисла на став 2 од овој член, се врши детална анализа и процена на опасностите од пожар, со оглед на намената на објектот, вградениот материјал и применетите конструкции, како и материјалите и материите што ќе бидат држани, преработувани и користени во технолошкиот процес и врз основа на тоа се предвидуваат мерки за заштита од пожар, а особено:

1) растојание меѓу објектите на избраната локација и конструктивно-градежни технички мерки што произлегуваат од диспозицијата на објектите;

2) избор на мерки за заштита од пожар и експлозија, со оглед на намената на објектот и технолошкиот процес во него;

3) потребно количество и притисок на водата за гаснење на пожар;

4) потребни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар;

5) уреди за вентилација на просториите;

6) приодни патишта и премини;

7) излези и патишта за евакуација на загрозените лица и материјалните добра од пожар и експлозија;

8) услови за спасување на луѓето и материјалните добра загрозени од пожар и експлозија;

9) избор и поставување на уреди и инсталации за автоматско откривање, јавување и гаснење на пожар, како и уреди за мерење на концентрацијата на запаливи и експлозивни смеси (гасови, пареи и прашина);

10) други мерки за заштита од пожар и експлозија.

Член 14-б

Претходно мислење за мерките за заштита од пожар во инвестиционо-техничката документација за изградба, доградба, надградба и реконструкција на објектот од член 14 став 1 од овој закон може да даде и овластена организација.

Овластувањето од ставот 1 на овој член го дава републичкиот секретар за внатрешни работи“.

Член 17

Во член 15 став 1, по зборот „преработуваат“ се става запирка и се додава зборот „користат“.

По став 2, се додава нов став 3, кој гласи:

„Согласноста со решението за локација за подигнување градежни објекти од став 1 на овој член, за кој решение издава републичкиот орган на управата надлежен за урбанизам ја дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи, ако со закон поинаку не е одредено“.

Член 18

Во член 16 зборот „адаптиран“ се заменува со зборовите: „дограден, надграден“.

Член 19

Во член 17 став 1 зборовите: „производствени и складишни простории“ се заменуваат со зборовите: „објекти и простории со слободен простор, или“.

Во став 2 наместо точка на крајот се става запирка и се додаваат зборовите: „како и уреди за мерење на концентрацијата на експлозивните смеси“.

Член 20

Во член 18 став 1 зборовите: „не е дозволено“ се заменуваат со зборовите: „и ако природата на работите не е сврзана со таква потреба, се забранува:“

По став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За мерките за забрана од претходниот став на видно место се истакнуваат предупредувања и знаци на забрана“.

Член 21

По член 19 се додава нов член, кој гласи:

„Член 19-а

Електричната, вентилационата, гасната, нафтоводната, топлотната, громобранската, канализационата и другите инсталации во објектите мора да бидат изведени така што да не претставуваат опасност за предизвикување пожар“.

Член 22

Во член 20 зборот „корисниците“ се заменува со зборовите: „Самоуправните интересни заедници за станување, корисниците и сопствениците“.

Член 23

По член 20, се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 20-а

Во постојните згради за живеење, во кои се сместуваат или собираат поголем број лица, се обезбедуваат најпотребни уреди, техничка опрема и средства за почетно гаснење на пожар и се преземаат други превентивни мерки.

Член 20-б

Ако во објекти се организираат приредби, саеми, јавни собири, изложби или слични манифестации заради кои се претпоставува дека во објектите ќе има истовремено поголем број лица (над 300), мора да се постави противпожарна стража за времетраењето на таквата манифестација, како и соодветни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар.

Противпожарната стража во случаите од претходниот став ја поставува организаторот на манифестацијата.

Поставување на противпожарна стража од став 1 на овој член, како и во слични случаи може да нареди и општинскиот орган за внатрешни работи“.

Член 24

Член 21 се менува и гласи:

„Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи, се должни да ги држат во приправност уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар на места што се лесно пристапни.

За исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар се води посебна евиденција за времето и за работниците кои ја извршиле контролата на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар.

Во занаетчиските, угостителските и другите дуќани во кои постои опасност од избувнување и ширење на пожар, со оглед на природата на работата што во нив се извршува и просториите во кои се сместени, мора да се преземат пропишани или од надлежниот орган за внатрешни работи определени мерки за заштита од пожар (држење во приправност на соодветна опрема, справи и средства за почетно гаснење на пожар)".

Член 25

Во член 22 став 2, по зборот „Организациите" се става запирка и се додава зборот „заедниците", а зборовите „противпожарните апарати и хидранти" се заменуваат со зборовите „уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар".

Член 26

По член 22 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 22-а

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи, се должни да обезбедат секој работник да биде запознат со опасностите од пожар сврзани за работното место на кое е распореден, со мерките и средствата за гаснење на пожар, практичната употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар, како и со материјалната и другата одговорност заради непридржување за пропишаните мерки за заштита од пожар.

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи се должни најмалку еднаш годишно да вршат проверка на знаењето на работниците во ракувањето со апаратите за почетно гаснење на пожар.

Одредбите од ставовите 1 и 2 на овој член сообразно се применуваат и на занаетчиските, угостителските и други дуќани во кои се работи со личен труд и средства во сопственост на граѓаните.

Член 22-б

При изградба на водоводна мрежа, со пожарни хидранти мора да се обезбеди протечен капацитет и притисок на водата за ефикасно гаснење на пожар.

Општинскиот орган на управата надлежен за комунални работи е должен да и стави на располагање на територијалната противпожарна единица соодветна техничка документација за хидрантската мрежа.

Хидрантската мрежа мора да биде соодветно обележена и постојано во исправна состојба".

Член 27

Во член 23 став 1, зборот „Техничката" се заменува со зборовите „Уредите и техничката".

Став 2 се менува и гласи:

„Уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар за кои не се пропишани југословенски стандарди, или се увезени, можат да се користат ако за нив е издаден атест од организација што е регистрирана за вршење на таква дејност".

Член 28

По член 23 се додава нов член, кој гласи:

„Член 23-а

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи се должни да одредат работник кој ќе се грижи за спроведување на мерките за заштита од пожар.

Работникот од претходниот став мора да биде стручно оспособен за успешно вршење на работите за заштита од пожар".

Член 29

Во член 24 точка 4 по зборовите: „ракување со" се додава зборот „уредите" и се става запирка.

Во точка 5 пред зборот „техничката" се става зборот „уредите" и запирка.

Член 30

По член 24 се додаваат три нови членови, кои гласат:

„Член 24-а

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи од член 24 на овој закон се должни по барање од надлежниот орган за внатрешни работи, да му достават примерок од општиот акт за заштита од пожар.

Член 24-б

Раководните лица во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи, секој во својот делокруг на работа, се одговорни за спроведувањето на заштитата од пожар, особено за примената на пропишаните и определени мерки, одржувањето во исправна состојба и наменска употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар, како и за запознавање на работниците со опасностите од пожар сврзани со работите што ги вршат.

Член 24-в

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи се должни веднаш да го известат општинскиот орган за внатрешни работи за секој пожар што ќе настане во организацијата, заедницата, односно во органот.

Заедницата за осигурување имоти и лица е должна да го извести општинскиот орган за внатрешни работи во рок од 15 дена по извршената процена за висината на штетата предизвикана од пожарот што треба да ја исплати на осигуреникот".

Член 31

Во член 26 се додава нов став 2, кој гласи:

„Професионалната противпожарна единица што ја основало собранието на општината е во состав на општинскиот орган за внатрешни работи".

Член 32

Во член 27, бројот „15" се заменува со бројот „16".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Професионалната противпожарна единица е должна во секоја смена што е на должност да има најмалку по четворица пожарникари".

Член 33

Во член 28, став 1 се менува и гласи:

„Општината во своето седиште основа противпожарна единица".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во седиштето на општината во кое има помалку од 15.000 жители, противпожарната единица мора да има најмалку 7 професионални пожарникари".

Досегашниот став 2 станува став 3.

По став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Бројот на пожарникарите во професионалната противпожарна единица што ја основа собранието на општината се зголемува со уште по еден пожарникар на секои нови 1.500—2.000 жители, над 15.000 жители".

Член 34

Во член 29 став 1 зборовите: „Работна организација" се заменуваат со зборовите: „Организација на здружениот труд", а точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ако е на тоа обврзана со одлука на собранието на општината".

Во став 2 зборовите: „Општинското собрание“ се заменуваат со зборовите: „Собранието на општината“, а зборовите: „работна организација“ се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд“.

Член 35

Член 30 се менува и гласи:

„Организациите на здружениот труд, месните заедници, самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, здруженијата на граѓаните и државните органи можат да основат заедничка професионална противпожарна единица“.

Член 36

По член 30 се додава нов член, кој гласи:

„Член 30-а

Професионалните противпожарни единици и доброволните противпожарни единици се должни меѓусебно да соработуваат и да укажуваат заемна помош по прашањата од заеднички интерес што се однесуваат на остварувањето, развојот и унапредувањето на заштитата од пожар“.

Член 37

Член 31 се менува и гласи:

„Со професионална противпожарна единица раководи командир или командант кој има најмалку виша противпожарна школа или друга виша техничка школа со стручна оспособеност во верифицирана виша противпожарна школа“.

Член 38

Во член 32 став 1 алинеја 1 буквата „и“ се заменува со точка и запирка.

Во алинеја 2 точката на крајот се заменува со буквата „и“.

По алинеја 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„ — да има завршено средно образование во занимањето пожарникар или стручна квалификација на висококвалификуван или квалификуван работник, односно средно образование во друго занимање со стручна оспособеност во верифицирано средно училиште за пожарникари“.

Став 3 се брише.

Член 39

Во член 34 став 2, зборовите: „од својот делокруг“, се бришат.

Член 40

Во член 35 став 2, точката на крајот се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „кој не може да биде подолг од една година од основањето на друштвото“.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Лице кое не наполнило 16 години возраст не може во состав на доброволна противпожарна единица да гасне пожар“.

Член 41

По член 36 се додава нов член, кој гласи:

„Член 36-а

Членовите на доброволните противпожарни единици, по правило, работите ги вршат без надоместок.

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници можат да им доделуваат парични и други награди на членовите на доброволната противпожарна единица“.

Член 42

По одредбите на глава Ш се додава нова глава Ш-а со четири нови члена, кои гласат:

„Ш-а ОСПОСОБУВАЊЕ И ОБУЧУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ И ГРАЃАНИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

Член 37-а

Организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници, државните органи, општините и Републиката организираат и спроведуваат оспособување и обучување на работните луѓе и граѓаните за заштита од пожар.

Член 37-б

Оспособувањето и обучувањето на младината за заштита од пожар во основните и средните училишта и во високообразовните организации, се врши преку обуката за одбрана и заштита што ја организираат училиштата, односно високообразовните организации, во која се вградуваат и содржините од посебно значење за заштита од пожар.

Член 37-в

При изработувањето, односно утврдувањето на наставните планови и програми за обука на младината во основните и средните училишта, како и во високообразовните организации, Републичкиот завод за унапредување на воспитувањето и образованието, односно органот на управување одреден со статутот на училиштето, односно високообразовната организација, по делот за заштита од пожар, се должни да прибаваат претходно мислење од Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

Член 37-г

Оспособувањето и обучувањето на младината за заштита од пожар може да се врши и преку посебни училишта, слободни активности и доброволни противпожарни друштва.

Органите за внатрешни работи, Противпожарниот сојуз на Македонија и општинските противпожарни сојузи, соработуваат и им укажуваат стручна и друга помош на организациите на здружениот труд, другите самоуправни организации и заедници, државните органи, основните и средните училишта и високообразовните организации во спроведувањето на обуката за заштита од пожар“.

Член 43

Во член 39 став 1, по зборот „командир“ се додаваат зборовите: „или командант“.

Во став 2, зборовите: „општинското собрание“ се заменуваат со зборовите: „собранието на општината“.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Општината од која е барана помош е должна таа помош да ја укаже“.

Член 44

Во член 40 став 1, по зборот „командирот“ се додаваат зборовите: „или командантот“, а по зборот „командирите“ се додаваат зборовите: „или командантите“.

Во став 2, по зборот „командирот“ се додаваат зборовите: „или командантот“.

Член 45

Во член 41 точка 2, точката и запирката на крајот се заменуваат со запирка и се додаваат зборовите: „како и да преземе мерки за обезбедување на отстранетите предмети и материјали“.

По точката 5 се додава нова точка, која гласи:

„5-а присилно да отвори заклучен објект или просторија заради гаснење пожар и спасување на животот на луѓето и имотот;“

Член 46

Во член 43 ставовите 1 и 2, зборовите: „општинското собрание“ се заменуваат со зборовите: „собранието на општината“.

Член 47

Во членовите 45 и 46 зборовите: „претседателот на Извршниот совет“ се заменува со зборовите „Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија“.

Член 48

Во член 47 став 2 зборовите: „врши самостојна земјоделска, занаетчиска или друга дејност“, се заменуваат со зборовите: „самостојно врши земјоделска, занаетчиска, професионална и друга дејност со личен труд“.

Член 49

Во член 48 став 2 ред четврти по зборот „организација“ се додаваат зборовите: „или заедница“, а на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „односно заедница“.

Член 50

Во член 49 став 1 зборовите: „Општинското собрание“ се заменуваат со зборовите: „Собранието на општината“.

Член 51

Во член 50 став 1 зборовите: „по основ на работен однос, или по некој друг основ социјално се осигурени“ се заменуваат со зборовите: „имаат својство на осигуреници — работници и лица кои што самостојно вршат дејност со личен труд“; по зборовите: „одење на вежба“ се додаваат зборовите: „на вежба“; по зборовите: „за време на“ се додаваат зборовите: „обука, оспособување и“; зборовите: „социјално осигурување“ се заменуваат со зборовите „здравствена заштита“, а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и право на инвалидско осигурување за сите случаи на инвалидност.“

Во став 2 зборовите: „кои по своето редовно занимање не се социјално осигурени“, се заменуваат со зборовите: „кои организирано учествуваат во гаснење на пожар, а немаат својство на осигуреници — работници и лица коишто самостојно вршат дејност со личен труд“ а зборовите: „јавни работи“ се заменуваат со зборовите: „работни акции“.

Член 52

Во член 52 став 1 зборовите: „сите работи“ се заменуваат со зборот „работите“.

Став 2 се брише.

Член 53

По член 52 се додаваат четири нови члена, кои гласат:

„Член 52-а

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи има право во работите на заштитата од пожар да им издава на органите за внатрешни работи задолжителни инструкции.

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи има право да врши надзор над работата на заштитата од пожар на органите за внатрешни работи во Републиката.

Член 52-б

Инспекциските работи од овој закон ги вршат инспектори за заштита од пожар (во натамошниот текст: инспектори).

Член 52-в

За инспектор во општински орган за внатрешни работи може да се прими на работа лице кое има завршено најмалку виша противпожарна школа или друга виша техничка школа со стручна оспособеност во верифицирана виша противпожарна школа и положен стручен испит.

За инспектор во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи може да се прими на работа лице кое има завршен технички факултет и положен стручен испит.

Програмата и постапката за полагање на стручен испит за инспектор за заштита од пожар ги пропишува републичкиот секретар за внатрешни работи.

Член 52-г

При вршењето надзор над спроведувањето на прописите од областа на заштитата од пожар инспекторите мора да имаат посебна легитимација со која се утврдува својството на инспектор за заштита од пожар.

Образецот на легитимацијата, постапката за нејзиното издавање и начинот на водење евиденција за издадените легитимации од претходниот став ги пропишува републичкиот секретар за внатрешни работи“.

Член 54

Во член 54 став 2 зборовите: „на надлежност“ се заменуваат со зборовите: „од надлежност“.

Член 55

Во член 56 став 1 точка 1, по зборот „преправка“ буквата „и“ се заменува со запирка.

Точка 7 се брише.

Точка 8 станува точка 7.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Против решението со кое се налагаат мерки за заштита од пожар може да се изјави жалба до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи“.

Досегашниот став 3 станува став 4.

Во досегашниот став 4, кој станува став 5, зборовите: „од точ. 4 и 6 од“ се заменуваат со зборовите: „од точка 4 на“, а зборовите „општинското собрание“ се заменуваат со зборовите: „собранието на општината“.

Член 56

По член 56 се додава нов член, кој гласи:

„Член 56-а

Ако инспектор утврди дека во употреба се наоѓаат уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар што не одговараат на утврдените југословенски стандарди, или за нив не е издаден атест од организацијата од член 23 на овој закон, органот за внатрешни работи ќе нареди да се запре нивната натамошна употреба во организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи“.

Член 57

Во член 59 став 1 се брише.

Уводната реченица од став 2, кој станува став 1, се менува и гласи:

„Средствата за работа на противпожарните единици и друштва општината ги обезбедува од следниве извори:“

Во став 1, по алинеја 1 се додава нова алинеја која гласи:

„— 50 отсто од наплатените парични казни на подрачјето на општината за прекршоците предвидени со прописите за заштита од пожар;“

По став 1 се додаваат два нови ставови, 2 и 3, кои гласат:

„Средствата од претходниот став се уплатуваат на посебна сметка на општината од која се врши распределба по корисници.

Ако осигуреният имот се наоѓа на подрачја на повеќе општини, Заедницата за осигурување имоти и лица е должна на секоја општина да ѝ уплати 6 отсто од техничката премија сразмерно на вредноста на осигуреният имот што се наоѓа на подрачјето на таа општина.“

Член 58

Во член 61 став 1 износот „500—10.000“ се заменува со износот „5.000—50.000“, а зборовите „работна и друга организација“ се заменуваат со зборовите „организацијата на здружениот труд или друго правно лице“.

По точка 2 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„2-а) ако не постапи според одредбите на член 14-а од овој закон;

2-б) ако при изградба на водоводна мрежа, со пожарни хидранти не обезбеди протечен капацитет и притисок на водата за ефикасно гаснење на пожар (член 22-б став 1);"

Во точка 3 по зборот „користи" се додава зборот „уреди" и се става запирка.

По точка 3 се додава нова точка, која гласи:

„3-а) ако не одреди работник кој ќе се грижи за спроведување на мерките за заштита од пожар (член 23-а став 1);"

Во точка 4 зборовите: „во смисла на член 29 од овој закон" се заменуваат со зборовите: „а на тоа е обврзана со одлука на собранието на општината (член 29)".

Во точка 5 зборот „наложените" се заменува со зборот „пропишаните".

Во став 2 износот „50—500" се заменува со износот „500—5.000", а зборовите: „во работната и друга организација", се заменуваат со зборовите „во организацијата на здружениот труд или друго правно лице".

Член 59

Во член 62 став 1 износот „500—5.000" се заменува со износот „3.000—25.000", а зборовите: „работна и друга организација" се заменуваат со зборовите: „организацијата на здружениот труд или друго правно лице".

Во точка 1 зборот „адаптиран" се заменува со зборовите: „доградeн, надградeн".

По точка 4 се додава нова точка, која гласи:

„4-а) ако користи електрична, вентилациона, гасна, нафтоводна, топлотна, громобранска, канализациона и друга инсталација во објектите што е изведена така што да претставува опасност за предизвикување пожар (член 19-а)".

По точка 5 се додаваат четири нови точки, кои гласат:

„5-а) ако во постојните згради за живеење, како и во зградите во кои се сместуваат или се собираат поголем број лица, не обезбеди најпотребни уреди, техничка опрема и средства за почетно гаснење пожар и не преземе други превентивни мерки (член 20-а);

5-б) ако во објекти каде што се организираат приредби, саеми, јавни собири, изложби или слични манифестации на кои можат истовремено да бидат присутни поголем број лица, не постави противпожарна стража и соодветни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар за времетраењето на таквата манифестација (член 20-б став 1);

5-в) ако не обезбеди секој работник да биде запознат со опасностите од пожар сврзани за работното место на кое е распореден, со мерките и средствата за гаснење на пожар, практичната употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар, како и со материјалната и друга одговорност заради непридржување за пропишаните мерки за заштита од пожар (член 22-а став 1);

5-г) ако не врши проверка на знаењата на работниците во ракувањето со апаратите за почетно гаснење на пожар најмалку еднаш годишно (член 22-а став 2);"

Точка 6 се менува и гласи:

„6) ако не ги држи во приправност уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар на места што се лесно пристапни (член 21 став 1);"

По точка 6, се додава нова точка која гласи:

„6-а) ако не води посебна евиденција за времето и работниците кои ја извршиле контролата на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење пожар (член 21 став 2);"

Во точка 7, зборовите: „противпожарните апарати или хидранти" се заменуваат со зборовите: „и уредите, техничката опрема или средствата за гаснење пожар".

По точка 7 се додаваат три нови точки, кои гласат:

„7-а) ако на барање од надлежниот орган за внатрешни работи не му достави примерок од општиот акт за заштита од пожар (член 24-а);

7-б) ако веднаш не го извести општинскиот орган за внатрешни работи за секој настанат пожар (член 24-в став 1);

7-в) ако не го извести општинскиот орган за внатрешни работи во рок од 15 дена по извршената процена за висината на штетата предизвикана од пожарот што треба да му ја исплати на осигурениот (член 24-в став 2);"

По точка 11 се додава нова точка која гласи:

„11-а) ако употребува уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожар што не одговараат на утврдените југословенски стандарди или за нив не е издаден атест од организацијата од член 23 на овој закон за кои е издадена наредба од општински орган за внатрешни работи да се запре нивната натамошна употреба (член 56-а)".

Во став 2 износот „50—300" се заменува со износот „500—3.000", а зборовите: „во работната и друга организација", се заменуваат со зборовите: „организацијата на здружениот труд или друго правно лице".

Член 60

Во член 63 став 1 износот „500 динари" се заменува со зборовите „5.000 динари, или со казна затвор до 30 дена".

По точка 3 се додава нова точка која гласи:

„3-а) ако на видно место не истакне предупредување и знаци на мерките за забрана од член 18 став 1 на овој закон (член 18 став 2);"

Точка 4 се менува и гласи:

„4) ако не презел пропишани или од надлежниот орган за внатрешни работи определени мерки за заштита од пожар (член 21 став 3);"

По точка 4 се додава нова точка, која гласи:

„4-а) ако не обезбеди вработените да бидат запознати со опасностите од пожар сврзани со работата, со мерките и средствата за гаснење на пожар и ако не обезбеди најмалку еднаш годишно да се изврши проверка на знаењето во ракувањето со апаратите за почетно гаснење на пожар (член 22-а);"

Член 61

Во член 64 износот „50" се заменува со износот „150", а во точка 4 зборовите: „противпожарен апарат или хидрант" се заменуваат со зборовите: „уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожар".

Член 62

Во член 65 износот „20" се заменува со износот „100", а по бројот „18" се додава зборот „став 1".

Член 63

По член 67 се додава нов член, кој гласи:

„Член 67-а

Собранијата на општините се должни во согласност со месните прилики и потреби во рок од една година од донесувањето на овој закон да пропишат и други мерки чија цел е спречување на избувнување, ширење и гаснење на пожар, како и спасување на животот на луѓето и имотот загрозени со пожар".

Член 64

Во член 69 став 1 точка 1 по зборот „единици" се става точка и запирка, а зборовите „и за" се бришат.

Во точка 2, по зборовите „противпожарните единици" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници и државните органи; и"

По точка 2 се додава нова точка која гласи:

„3. минималната техничка опрема и средства за гаснење пожар на противпожарните единици."

Член 65

Во член 70 по зборовите: „Извршниот совет" се додаваат зборовите: „на Собранието на Социјалистичка Република Македонија", а зборовите: „работни организации" се заменуваат со зборовите: „организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници".

Член 66

По член 70 се додава нов член, кој гласи:

„Член 70-а

Одредбите од членовите 31 и 52-в не се однесуваат на работниците кои на денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се затечат на работни места командир или командант на професионална противпожарна единица, односно инспектор за заштита од пожар, а немаат виша противпожарна школа или друга виша техничка школа со стручна оспособеност во верифицирана виша противпожарна школа".

Член 67

Во членовите 5, 6, 10 и 14 став 1, член 22 став 1, членовите 24, 25, 36 и 37 став 2, членовите 42 и 43 став 2, член 48 став 1, членовите 53 и 59 став 1 алинеја 4 и член 67 став 2 зборовите: „работните и други организации" се заменуваат со зборовите: „организации на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници"; во член 11 став 2 и член 41 точките 4 и 6, зборовите: „работни и други организации" се заменуваат со зборовите „организации на здружениот труд и други самоуправни организации и заедници"; во член 48 став 2, член 49 став 1 и член 55, зборовите: „работна или друга организација" се заменуваат со зборовите: „организација на здружениот труд или друга самоуправна организација или заедница", а во член 49 став 2 и член 57, зборовите: „работна или друга организација", односно „работната и друга организација" се заменуваат со зборовите: „организацијата на здружениот труд или друга самоуправна организација или заедница".

Член 68

Во член 22 став 1, членовите 27 и 33 став 2, членовите 36 и 47 став 1, член 48 став 1, член 50 став 1 и член 56 став 1 точка 3, по зборовите „спасување на" се додаваат зборовите: „животот на", а во членовите 6, 7, 42, 43 ставовите 1 и 2, членовите 45, 46 и 47 став 2, член 48 став 1, член 49 став 1 точка 3, по зборовите: „спасувањето на" се додаваат зборовите: „животот на".

Член 69

Собранијата на општините кои имаат основано професионални противпожарни единици се должни сите нивни средства (финансиски и материјални, објекти и опрема, станови, превозни средства, средства за врски и други средства на опремата) да ги пренесат врз органите за внатрешни работи најдоцна до 31. XII. 1977 година.

Работниците на постојните професионални противпожарни единици што ги основале собранијата на општините се здобиваат со својство работници на соодветниот орган за внатрешни работи со денот на преминувањето на таа единица во состав на општинскиот орган за внатрешни работи.

Член 70

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**316.**

Врз основа на член 318, став 2, а во врска со член 334 став 1 алинеја 7 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СРЕДСТВАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1976 ГОДИНА

I

Средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1976 година изнесуваат:

| | |
|---|---|
| 1. Пренесени средства од 1975 година | 7.150.330.199 |
| 2. Остварени приходи во 1976 година | 205.634.205 |
| ВКУПНО: | 7.355.964.404 |
| 3. Непосредни расходи | 2.409.123.764 |
| 4. Расположливи средства на 31. XII. 1976 година | 4.946.840.640 |

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1736
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

---

**317.**

Врз основа на член 318 став 2 од Уставот на СРМ и член 113 став 2 од Законот за финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ" бр. 3/73), Собранието на СР Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ПРОГРАМАТА ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ИЗГРАДБАТА И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПАТИШТАТА ОД IV РЕД ВО СРМ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1976 ДО 1980 ГОДИНА

#### I. Средства и услови за користење

Од средствата за инвестиции во стопанството (дел задржан за определени намени), во периодот од 1976 до 1980 година Републиката обезбедува 50 милиони динари за учество во изградбата и за реконструкцијата на патната мрежа од IV ред во Републиката.

Корисници на средствата се општините.

Учеството на Републиката според оваа програма ќе се обезбеди преку Советот за изградба, одржување и реконструкција на патиштата, а ќе се користи преку однапред склучен договор меѓу општините и Советот за патишта.

Учеството на Републиката ќе се врши сукцесивно преку ситуации за извршената работа.

Доколку некоја општина не е во можност да го реализира учеството на Републиката во годината предвидена со оваа програма, средствата ќе им се отстапат на општини кои можат да ги реализираат, а имаат соодветен износ во наредните години, со претходна согласност на тие општини.

Општината која не го користела учеството на Републиката во годината предвидена со оваа програма, ќе може да користи соодветен износ на средства од општината која го користела нејзиното учество во првата наредна година во која има обезбедено учество на Републиката.

Во случај на дополнителни и непредвидени работи, пречекорувањето до наполното завршување на патот, го обезбедува општината (инвеститорот).

Инвеститорот е должен пред почетокот на работите да обезбеди:

— инвестиционо техничка документација;

— гаранција за обезбедување на своето учество;

— потврда дека ќе се решат сите имотно-правни односи;

— потврда дека ќе се одржува патот по неговото завршување;

— динамика на градење, односно годината во која би започнала и завршила изградбата на патот.

#### II. Распределба на средствата

Износот од 50 милиони динари по години се распределува:

— за 1976 година 10 мил. дин.
— за 1977 година 10 „ „
— за 1978 година 10 „ „
— за 1979 година 10 „ „
— за 1980 година 10 „ „

Учеството на Републиката се распределува по општини за патиштата од IV ред, и тоа:
— во пограничните подрачја;
— во подрачја од интерес за општонародната одбрана;
— на подрачја коишто со прераспределбата на приходите добиваат релативно помалку средства.

На подрачјата од интерес за општонародната одбрана патиштата ги определува Републичкиот секретаријат за народна одбрана.

Патиштата што ќе се градат и реконструираат со учество на Републиката распределено во пограничните подрачја и на подрачјата кои што со прераспределбата на приходите добиваат релативно помалку средства, ги определуваат општините со своите програми за изградба и реконструкција на патиштата од IV ред.

Учеството на Републиката по општини и по години се распределува:

| Општини | Распределба по критериуми | | | | Распределба по години | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | погран. подрач. | ОНО | Релат. помал. сред. од прераспред. | Вкупно | 1976 | 1977 | 1978 | 1979 | 1980 |
| Берово | 0,54 | — | 0,30 | 0,84 | — | — | 0,84 | — | — |
| Битола | 1,22 | — | — | 1,22 | 0,50 | 0,72 | — | — | — |
| М. Брод | — | — | 4,00 | 4,00 | 0,50 | 0,50 | 0,90 | 1,10 | 1,10 |
| Валандово | 0,14 | — | — | 0,14 | 0,14 | — | — | — | — |
| Виница | — | — | 0,20 | 0,20 | 0,20 | — | — | — | — |
| Гевгелија | 1,36 | — | — | 1,36 | — | — | — | 0,46 | 0,90 |
| Гостивар | 1,12 | — | 0,76 | 1,88 | 0,60 | 0,68 | 0,60 | — | — |
| Дебар | 0,44 | 0,35 | 1,58 | 2,37 | 0,60 | 0,90 | 0,87 | — | — |
| Делчево | 1,08 | — | 0,91 | 1,99 | 0,60 | 0,79 | 0,60 | — | — |
| Д. Хисар | — | 0,35 | 0,87 | 1,22 | 0,62 | 0,60 | — | — | — |
| Кавадарци | 0,57 | — | — | 0,57 | 0,57 | — | — | — | — |
| Кичево | — | — | 1,35 | 1,35 | 0,75 | 0,60 | — | — | — |
| Кочани | 0,07 | — | 0,55 | 0,62 | — | — | 0,62 | — | — |
| Кратово | — | — | 1,50 | 1,50 | 0,50 | 0,50 | 0,50 | — | — |
| Кр. Паланка | 0,75 | 2,90 | 0,80 | 4,45 | 0,45 | 0,65 | 1,00 | 1,10 | 1,25 |
| Крушево | — | — | 0,56 | 0,56 | 0,56 | — | — | — | — |
| Куманово | — | — | 2,05 | 2,05 | 0,50 | 0,50 | 0,50 | 0,55 | — |
| Неготино | — | 0,60 | 0,60 | 0,60 | 0,30 | 0,30 | — | — | — |
| Охрид | 0,19 | — | — | 0,19 | 0,19 | — | — | — | — |
| Прилеп | 0,22 | 1,80 | 1,54 | 3,56 | — | 0,74 | 0,70 | 1,12 | 1,00 |
| Пробиштип | — | — | 0,80 | 0,80 | — | 0,40 | 0,40 | — | — |
| Радовиш | — | — | 1,20 | 1,20 | 0,80 | 0,40 | — | — | — |
| Ресен | 0,55 | 0,80 | 0,32 | 1,67 | — | — | — | 0,80 | 0,87 |
| Св. Николе | — | — | 3,00 | 3,00 | — | — | 0,70 | 1,11 | 1,19 |
| Струга | 0,92 | 1,50 | 1,80 | 4,22 | 0,70 | 0,60 | 0,70 | 1,10 | 1,12 |
| Струмица | 0,83 | — | 1,26 | 2,09 | — | — | — | 1,02 | 1,07 |
| Тетово | — | — | 1,20 | 1,20 | — | — | — | 0,60 | 0,60 |
| Т. Велес | — | 1,70 | 0,95 | 2,65 | 0,42 | 0,62 | 0,57 | 0,54 | 0,50 |
| Штип | — | 2,50 | — | 2,50 | 0,50 | 0,50 | 0,50 | 0,50 | 0,50 |
| Вкупно: | 10,00 | 12,50 | 27,50 | 50,00 | 10,00 | 10,00 | 10,00 | 10,00 | 10,00 |

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1747
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

---

**318.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Филолошкиот факултет во Скопје, се именуваат:

Жамила Коломанос, член на Советот на Републиката, и

Круме Степанулевски, потпретседател на Собранието на општината „Гази Баба“ — Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1696
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**319.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Филозофско-историскиот факултет во Скопје се именуваат:

Арсена Деспотовска, член на Советот на Републиката и

Гојко Груевски, наставник во Политичката школа на ЦК СКМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1697
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**320.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Правниот факултет во Скопје се именуваат:

Методија Сврцинов, член на Секретаријатот на Претседателството на РК на ССРНМ и

Доне Илиевски, судија на Врховниот суд на Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1698
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**321.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Економскиот факултет во Скопје се именуваат:

Михајло Миљовски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на град Скопје, и

Митко Добревски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, генерален директор на Свиларскиот комбинат „Нонча Камишова“ — Титов Велес.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1699
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**322.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Градежниот факултет во Скопје се именуваат:

Марија Бадева, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, самостоен проектант во „Македонија-проект“ — Скопје, и

Станко Младеновски, градежен инженер, секретар на Општинскиот комитет на СКМ — Куманово.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1700
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**323.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА БИОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Биолошкиот факултет во Скопје се именуваат:

Петар Гелебешев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија, и

Љатив Сејфулаху, професор во Гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ — Тетово.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1701
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**324.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ГЕОГРАФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Географскиот факултет во Скопје се именуваат:

Бошко Макревски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општината „Кисела Вода“ — Скопје, и

Јован Лакалиски, секретар на Комисијата за развој и организационо-политичка изградба при Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1702
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**325.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ВИСОКАТА МУЗИЧКА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Високата музичка школа во Скопје се именуваат:

Милка Божикова, советник на републичкиот секретар за култура и

Крсте Сарџовски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општината „Карпош“ — Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-1703
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**326.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ВИСОКАТА ЕКОНОМСКА ШКОЛА ВО ПРИЛЕП

I

За членови на Комисијата за избор на декан на Високата економска школа во Прилеп се именуваат:

Мате Волнарски, директор на Тутунскиот комбинат — Прилеп, и

Димитар Јанкуловски, заменик секретар на Општинскиот комитет на СКМ — Битола.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1704
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**327.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Скопје се именуваат:

Авни Златку, директор на гимназијата „Зеф Љуш Марку“ — Скопје, и

Будимка Романо, секретар на Секретаријатот за образование и култура на Собранието на град Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1705
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

---

**328.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО БИТОЛА

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Битола се именуваат:

Трајан Гошевски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија, и

Трајче Ѓорѓиевски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општината Прилеп.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1706
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**329.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА ВО ШТИП

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Штип се именуваат:

Димитар Василев, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, директор на Основното училиште „Славчо Стојменски“ — Виница, и

Тодор Кралев, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општината Штип.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1707
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

---

**330.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ШКОЛА ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Вишата школа за социјални работници во Скопје се именуваат:

Вергула Кардула, помошник на републичкиот секретар за здравство и социјална политика, и

Бафти Адеми, секретар на Општинскиот совет на Сојузот на синдикатите „Кисела Вода“ — Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1708
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски**, с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски**, с. р.

**331.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ШКОЛА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Вишата школа за физичка култура во Скопје се именуваат:

Томислав Димовски, советник на претседателот на Комитетот за физичка култура, и

Чсде Блажевски, помошник секретар во Извршниот совет на Собранието на СРМ.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1709
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**332.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ШКОЛА ВО БИТОЛА

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Вишата земјоделска школа во Битола се именуваат:

Тодор Невеселов, делегат во Соборот на општините, директор на ЗК „Анска Река“ — Валандово, и

Митко Салатоски, заменик на секретарот на Општинскиот комитет на СКМ — Прилеп.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1710
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**333.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ШКОЛА ВО СТРУМИЦА

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Вишата земјоделска школа во Струмица се именуваат:

Стојан Ефтимов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, раководител на работна единица „Југотутун“ ООЗТ „Јака“ Радовиш, и

Киро Златанов, претседател на Основната заедница на образованието на општината Струмица.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1711
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**334.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ВИШАТА ТУРИСТИЧКО-УГОСТИТЕЛСКА ШКОЛА ВО ОХРИД

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Вишата туристичко-угостителска школа во Охрид се именуваат:

Борис Николовски, претседател на Извршниот совет на Собранието на општината Крушево, и

Стефан Ивановски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1712
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**335.**

Врз основа на член 43 од Самоуправната спогодба за формирање на Универзитетски центар за општествени науки, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Советот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА КОЛЕГИЈАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

I

За членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на Универзитетскиот центар за општествени науки се именуваат:

1. Димче Козаров, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија,

2. Славе Поповски, секретар на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија, и

3. Милан Петровски, претседател на Општествено-политичкиот собор на Собранието на град Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1728
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Советот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**336.**

Врз основа на член 334 алинеја 8 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Советот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР НА УМЕТНОСТИТЕ ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Советот на Универзитетскиот центар на уметностите во Скопје се именуваат:

1. Славка Фиданова, претседател на Одборот за образование, наука и култура на Советот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија,

2. Томе Момировски, претседател на Културно-просветната заедница на Македонија,

3. Панче Миркуловски, член на Претседателството на Советот на синдикатите на Македонија,

4. Петар Мазев, претседател на Здружението на ликовните уметници на Македонија,

5. Рамадан Мамут, артист во Театарот на народностите, претседател на Собранието на општината „Чаир" — Скопје,

6. Љубица Дамјановска, кустос во Музејот на современата уметност на град Скопје, и

7. Медат Војника, наставник по музика во осумгодишното училиште „Лирија" — Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1731
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Советот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**337.**

Врз основа на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за студентските центри („Службен весник на СРМ" бр. 33/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Советот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА СТУДЕНТСКИОТ ЦЕНТАР ВО СКОПЈЕ

I

Се разрешува, поради истек на мандатот од должноста член на Советот на Студентскиот центар во Скопје:

Јордан Димевски.

II

Се именува за член на Советот на Студетскиот центар во Скопје:

Чедомир Лакоски, заменик на секретарот на Општинскиот комитет на СКМ „Центар" — Скопје.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1733
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Советот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**338.**

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА СЕИЗМОЛОГИЈА ВО СКОПЈЕ

I

За членови на Комисијата за избор на директор на Институтот за сеизмологија во Скопје се именуваат:

Чедомир Георгиев, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, претседател на Општинската конференција на Сојузот на синдикатите Куманово, и

Коле Јорданов, самостоен советник во Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-1730
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**339.**

Врз основа на член 59 од Статутот на ОЗТ „Лотарија на Македонија“, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ОЗТ „ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА“ ВО СКОПЈЕ

I

За член на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување на индивидуален раководен орган на ОЗТ „Лотарија на Македонија“ во Скопје се именува:

Ристо Тоневски, потпретседател на Општинската конференција на ССРНМ „Кисела Вода“ — Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-1732
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**340.**

Врз основа на член 53 од Самоуправната спогодба за здружување во Универзитетскиот центар на уметностите, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 16 јуни 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА КОЛЕГИЈАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР НА УМЕТНОСТИТЕ

I

За членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на Универзитетскиот центар на уметностите се именуваат:

1. Предраг Пенушлиски, секретар на Самоуправната интересна заедница за култура на град Скопје, и

2. Живко Трајковски, секретар на Стопанската комора на Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 06-1729
16 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Соборот на здружениот труд,
инж. **Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**341.**

Врз основа на член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), а во врска со точка 7 од Одлуката за начинот на формирањето на цените и за мерките на непосредна општествена контрола на цените на производите и услугите од интерес за Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 19/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## О Д Л У К А

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НИВОТО ДО КОЕ МОЖАТ ДА СЕ ФОРМИРААТ ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ШУМИТЕ

1. Производителските организации на здружениот труд можат спогодбено во рамките на Стопанската комора на Македонија, да ги зголемат постојните цени на производите од искористување на шумите во просек до 9,1%, со задржување на постојните услови на продажба.

2. Се овластува Републичкиот завод за цени да даде согласност на спогодбата од точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1468/1
21 јуни 1977 година
Скопје

Претседател на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**342.**

Врз основа на член 7, став 1 од Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ", број 46/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДОТ НА ЛОТАРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1977 ГОДИНА

1. Приходот што ќе го оствари организацијата на здружениот труд за приредување игри на среќа — Лотаријата на Македонија во 1977 година, по одбивањето на износот за исплата на добивките и за финансирање на VШ медитерански игри, ќе се распределува во проценти на следниве корисници:

| | во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| | од редовна и вонредна лотарија | од експрес лотарија | од спортска прогноза | од лото |
| а) Лотарија на Македонија | 37 | 37 | 37 | 37 |
| б) Заедница на Југословенската лотарија | 1 | — | 1 | 1 |
| в) социјално-хуманитарни организации | 62 | 63 | — | 31 |
| г) физичка култура и Фудбалски сојуз на Југославија | — | — | 62 | 31 |

2. Приходот од точката 1 под а) ќе го користи Лотаријата на Македонија за покривање на трошоците на работењето, личните доходи, законските и договорни обврски и фондовите на работната заедница.

Приходот од точката 1 под б) ќе се користи за трошоците на работењето на Заедницата на Југословенската лотарија.

Приходот од точката 1 под в) е наменет за финансирање на целите на социјално-хуманитарните дејности.

Приходот од точката 1 под г) ќе се користи, по одбивањето на износот за Фудбалскиот сојуз на Југославија во висина што одговара на 10% од планираниот промет на спортската прогноза, за изградба, опремување, инвестиционо и тековно одржување на објектите за физичка култура.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Број 12-1334/1
9 јуни 1977 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**343.**

Врз основа на член 10 од Законот за основање на Заводот за геодетски и фотограметриски работи („Службен весник на СРМ" бр. 9/77), Извршниот совет на Собранието на СРМ по предлог на Републичката геодетска управа, донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОПРЕМА НА ЗАВОДОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ И ФОТОГРАМЕТРИСКИ РАБОТИ

Член 1

Се пренесуваат на Заводот за геодетски и фотограметриски работи инструменти и опрема во искажаните вредности:

I. Вредност на инвентарните предмети, опрема и потрошен материјал што се преотстапуваат на Заводот на 1 април 1977 година, без обврска на надоместок:

| | Набавна вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|
| 1. Крупен инвентар група 75-намештај од општа намена | 589.862,81 | 419.182,74 |
| 2. Ситен инвентар — редовна дејност | 127.998,65 | 63.999,32 |
| 3. Потрошен материјал — редовна дејност | 252.346,81 | — |
| 4. Ситен инвентар од посебни намени | 378.540,10 | 189.270,05 |
| 5. Потрошен материјал од посебни намени | 3.200,00 | — |
| 6. Ситен инвентар од заедничка потрошувачка | 2.683,35 | 2.683,35 |
| 7. Крупен инвентар од заедничка потрошувачка | 5.305,15 | 3.161,98 |
| СЕ: | 1.359.936,87 | 678.297,44 |

П. Крупен инвентар кој ќе се предаде на користење од 1 април 1977 година, а се отстапува без надоместок од 1 јануари 1978 година.

| | Набавна вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|
| — група 39 — други енергетски уреди | 761,25 | — |
| — група 66 — друмски транспортни средства | 406.783,40 | 156.897,58 |
| — група 68 — средства за врски | 12.285,00 | 7.055,48 |
| — група 71 — крупен алат | 28.792,65 | 10.790,05 |
| — група 72 — мерни инструменти | 9.026.225,80 | 3.752.998,12 |
| — група 74 — лабораториска опрема | 1.988,15 | 1.192,17 |
| — група 76 — канцелариски машини, апарати и прибор | 7.253.463,30 | 6.233.198,96 |
| — група 77 — погонски и деловен инвентар | 97,00 | — |
| — група 79 — неспомнати средства | 59.670,60 | 36.202,19 |
| СЕ: | 16.790.067,15 | 10.198.334,55 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-1295/1
9 јуни 1977 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Васил Тупаров**, с. р.

**344.**

Врз основа на точка 5 од Уредбата за висината и начинот на утврдувањето на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците („Службен лист на СФРЈ" бр. 69/72, 18/75) и точка 2 под 2 од Решението на Сојузниот извршен совет за утврдување на девизната квота на републиките и автономните покраини за 1977 година од девизните дознаки на работниците и иселениците откупени во 1976 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 19/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
## ЗА НАМЕНИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕВИЗНАТА КВОТА ПО ОСНОВ НА ОТКУПЕНИТЕ ДЕВИЗНИ ДОЗНАКИ НА РАБОТНИЦИТЕ И ИСЕЛЕНИЦИТЕ ЗА 1977 ГОДИНА

Член 1

Девизната квота во противвредност од 92.534.400 динари за 1977 година во девизи кои се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања, а кои потекнуваат од девизите откупени по дознаките од работниците привремено вработени во странство и дознаките на иселениците во 1976 година, како и неискористените средства доделени

на општините по овој основ за периодот од 1973—1975 година ќе се користат според критериумите на начин и услови, определени со оваа одлука.

Член 2

Средствата од чл. 1 на оваа одлука ќе се користат за следните намени:

1. Плаќање на увозот на опрема во готово
2. Отплатување на кредитите користени за увоз на опрема
3. Плаќање закупнина за странска опрема
4. За стекнување на право на увоз на опрема

Член 3

Средствата од член 1 можат да ги користат:

1. Организациите на здружен труд чија дејност е од посебно значење за остварување на политиката на вкупниот развој на земјата утврдени во Општествениот план на Југославија за период 1976—1980 година и Општествениот план на СР Македонија за период 1976—1980;

2. Организациите на здружен труд кои со вложувањата во увозната опрема создаваат услови за вработување на работниците — повратници од привремена работа во странство;

3. Организациите на здружен труд кои со вложувања во објектите остваруваат производство за извоз;

4. Организациите на здружен труд кои со вложување во објектите произведуваат стоки што го супституираат увозот;

5. Организациите на здружен труд чие седиште е на територијата на стопански неразвиена општина, гранично и ридско-планинско подрачје во Републиката, а увезува опрема;

6. Организациите на здружен труд кои со вложувањата започнатите инвестиции ќе ги заокружат до крајот на 1977 година;

7. Организациите на здружен труд кои увозната опрема ја користат за изведување објекти од приоритетен карактер.

При распределбата на средствата ќе се има во предвид и бројот на вработените во странство по општини.

Член 4

Организациите на здружен труд крајни корисници на девизите, обезбедуваат динарски средства за откуп на девизите од девизната квота која им е распределена.

Член 5

Републичкиот секретаријат за економски односи со странство се грижи за извршувањето на оваа одлука и донесува решенија за користењето на средствата од чл. 1 на оваа одлука.

Републичкиот секретаријат за економски односи со странство ќе поднесува периодични извештаи до Извршниот совет на СР Македонија за распределбата на средствата од чл. 1.

Член 6

Обврските што организациите на здружен труд ги презеле по основ на задолжување за увоз на опрема по режимот глобална девизна квота, а за чија отплата во договорот за задолжување се предвидува користење на средствата од таа квота, на тие организации ќе им се обезбеди користење на средства според оваа одлука.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за распоредување на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците за 1973 година („Службен весник на СРМ“ бр. 30/73), Одлуката за распоредување на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците за 1974 година („Службен весник на СРМ“, број 46/74) и Одлуката за распоредување на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците за 1975 година („Службен весник на СРМ“ бр. 32/75).

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 12-1267/2
15 јуни 1977 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**345.**

Врз основа на член 18 од Законот за помилување („Службен весник на СРМ“, бр. 15/77), републичкиот секретар за правосудство донесува

## УПАТСТВО

### ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА СУДОВИТЕ, ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА И КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ПОМИЛУВАЊЕ

1. Молбата за помилување во надлежниот првостепен суд се заведува во посебен уписник „Пом“ и заедно со списите по предметот му се доставува на претседателот на надлежниот совет најдоцна наредниот ден по приемот, на натамошно постапување.

2. Ако со една молба се бара помилување за повеќе лица осудени со една пресуда, ќе се смета дека постојат толку молби колку осудени лица барале помилување, и секоја од нив добива посебен број.

3. Ако во списите нема доволен број примероци од првостепената пресуда односно од второстепената пресуда, доколку со неа е извршена измена на првостепената пресуда во однос на изречената казна, претседателот на советот веднаш издава налог до судската писарница да се направи препис односно фотокопија.

Судот не може да бара од подносителот на молбата да достави препис односно фотокопија на пресудата.

4. Ако предметот не се наоѓа во судот, претседателот на советот ќе преземе мерки по најбрз пат тој да се прибави.

5. Советот на првостепениот суд најпрвин ќе испита дали е молбата поднесена од овластено лице во смисла на член 5 став 2 од Законот за помилување и дали е изминат рокот од член 10 став 2 од тој закон.

6. Ако се утврди дека се исполнети условите од претходната точка едновремено ќе се соберат податоците потребни за решавање по молбата и тоа:

а) за осуденото лице што се наоѓа на издржување на казната: извештај за неговото поведение и здравствена состојба од управата на казнено-поправната установа; образложено мислење од таа установа за оправданоста на молбата за помилување,

б) за осуденото лице што бара укинување на правните последици на осудата: извештај за поведението на тоа лице додека било на издржување на казната со образложено мислење од управата на казнено-поправната установа; извештај за поведението на тоа лице на слобода од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи;

в) за осуденото лице што се наоѓа на условен отпуст и за осуденото лице што не почнало со издржувањето на казната — извештај за неговото поведение од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи, ако се оцени дека е тоа потребно со оглед на карактерот на постапката што треба да се спроведе.

Доколку судот најде за потребно ќе собере и други податоци од други органи и организации.

7. Кога управата на казнено-поправната установа прими непосредно молба за помилување односно судско барање за доставување на извештај

по точка 6 на ова упатство, составува извештај кој треба да содржи:

а) лични податоци за осудениот;

б) податоци за пресудата (судот што ја изрекол пресудата, број и датум на пресудата, законска квалификација на кривичното дело и изречената казна);

в) податоци за извршување на казната (од кога се смета и кога истекува, дали било прекинувано извршувањето на казната и колку);

г) ако изречената казна е смалена или заменета со друга — врз основа на која одлука;

д) податоци за поведението на осудениот со забелешка на управата на казнено-поправната установа за личните особини на осудениот и посебно мислење за тоа како се одвива процесот на ресоцијализација на осуденото лице и во колкава мера преземените мерки за превоспитување делувале на осудениот;

ѓ) податоци за здравствената состојба на осудениот (со прилагање на медицински наод и мислење од лекарот).

Кон извештајот казнено-поправната установа прилага и образложено мислење за основаноста на молбата за помилување.

Извештајот со образложеното мислење заедно со молбата за помилување управата на казнено-поправната установа ги доставува во рок од 8 дена на судот што ја изрекол пресудата во прв степен.

8. Молбата со првостепената пресуда и второстепената пресуда, доколку со неа е извршена измена на одлуката за казната, се доставува до јавното обвинителство што го поднело обвинението.

Јавното обвинителство е должно веднаш да му даде на судот писмено образложено мислење. Јавното обвинителство може, во случај на објективен недостиг на време, мислењето да му го соопшти непосредно на советот при разгледување на молбата за помилување.

9. Врз основа на собраните извештаи и мислења и податоците од списите на кривичниот предмет, судот без одлагање ќе состави реферат кој содржи:

а) лични податоци за осудениот и неговата адреса ако се наоѓа на слобода;

б) податоци за изречената казна и за намалување на казната по пат на помилувње или вонредно ублажување на казната;

в) која е по ред молбата за помилување;

г) податоци за извршување на казната (каде ја издржува казната, кога почнал да ја издржува и кога му истекува); ако осудениот не почнал со издржување на казната — дали е издаден налог за повикување на издржување на казната; дали е одложено започнувањето на издржувањето на казната, причините и основот за тоа и до кога е одложено започнувањето на издржувањето на казната; дали осудениот е на условен отпуст и од кога.

На крајот од рефератот судот дава образложено мислење за тоа дали треба молбата за помилување да се уважи или одбие.

Ако молба за помилување поднеле повеќе лица осудени со една пресуда, судот ќе состави посебни реферати и во нив посебно ќе ги наведе податоците од ставот 1 од оваа точка за секое осудено лице и на крајот ќе даде мислење за секоја молба за помилување.

10. Молбата за помилување судот ја доставува, најдоцна во рок од 20 дена, непосредно до Републичкиот секретаријат за правосудство со:

а) сите прилози што кон молбата ги поднело осуденото или друго лице овластено по Законот за помилување;

б) мислењето од јавниот обвинител;

в) извештајот и мислењето на управата на казнено-поправната установа;

г) извештајот на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи, како и податоците што ги прибавил судот од други органи, организации и установи;

д) рефератот на судот;

ѓ) заверен препис на пресудата на првостепениот суд а ако е пресудата изменета — и на второстепениот суд;

ж) заверен препис на пресудата со која е изречена единствена казна (член 401 од ЗКП);

з) заверен препис од решението за вонредно ублажување на казната, ако такво има.

11. По донесувањето на решението по молбата за помилување, на надлежниот суд му се доставува препис заедно со првостепената и второстепената пресуда. По приемот на преписот од решението судот, откако ќе го евидентира во уписникот „Пом.“, без одлагање му доставува на осуденото лице односно на лицето што поднело молба за помилување и на казнено-поправната установа во која осудениот ја издржува казната, препис од решението.

Доколку осуденото лице според решението на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија треба да се пушти од казнено-поправната установа на слобода, веднаш се известува казнено-поправната установа на која без одлагање ѝ се доставува решението преку Републичкиот секретаријат за правосудство.

12. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 0901-473
15 јуни 1977 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство,
д-р **Ѓорѓи Ј. Цаца,** с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУГА

**262.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 24 став 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струга, на седницата на Соборот на делегатите — земјоделци корисници на услугите и Соборот на делегатите — работници од здружениот труд на здравството — даватели на услугите, одржана на 25. II. 1977 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД И ПАУШАЛНИОТ ПРИДОНЕС ПО ОСИГУРЕНО ЛИЦЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1977 ГОДИНА

I

Придонесот за здравствено осигурување на земјоделските осигуреници ќе се пресметува и наплатува:

1. На осигуреницте — земјоделци кои имаат сопствена земја:

А) По стапка од 13% на катастарскиот приход, од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 7%;

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 6%;

Б) По 50,00 динари за секое осигурено лице, од кои:

— за задолжителни видови здравствена заштита 30,00 д.

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 20,00 динари;

2. На осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност:

А) По 150,00 динари за домаќинство, од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 100,00 динари;

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 50,00 динари;

Б) По 50,00 динари за секое осигурено лице од кои:

— за задолжителни видови здравствена заштита — 30,00 д.

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 20,00 динари.

П

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1977 година.

Бр. 01-1377/1
25 февруари 1977 година
Струга

Претседател,
**Прентоски Борис,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БЕРОВО

**263.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 18 став 1 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Берово — Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, на седницата одржана на 23 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА И УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

Член 1

Основиците за пресметување на придонесот за здравствено осигурување се утврдуваат и тоа:

1. За работниците вработени кај приватни работодавци — личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следниот износ.

— неквалификувани работници — минималниот личен доход во Републиката;

— полуквалификувани работници — 1.800,00 динари;

— квалификувани работници — 2 000,00 „ ;

— висококвалификувани работници — 2.300,00 „ .

2. За домашните помошнички — личниот доход договорен меѓу работодавецот и домашната помошничка, но не помалку од минималниот личен доход во Републиката.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Бр. 01-21
23 мај 1977 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнациски,** с. р.

**264.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 18 став 1 точка 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Берово на седницата на Соборот на делегатите на работниците корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 23 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ЗА КОИ СО ЗАКОН НЕ СЕ УТВРДЕНИ ОСНОВИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и уплатување на придонес за здравствено осигурување на југословенските државјани вработени или упатени на работа во странство, на работните луѓе кои со личен труд вршат самостојна дејност во вид на занимање и на други категории осигуреници на кои основиците на придонесот за здравствено осигурување не им се утврдени со закон.

Член 2

Основицата за пресметување и уплатување на придонесот за здравствено осигурување и посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство (во натамошниот текст: придонес) за југословенските државјани вработени или упатени на работа во странство ја сочинува:

1) за лицата на работа кај југословенските претставништва и организации во странство заради стручно усовршување и лицата упатени од организациите на здружениот труд за изведување на инвестициони работи во странство кај странски деловен партнер во смисла на член 16 од Законот за основните услови за привремено вработување и заштита на југословенските граѓани на работа во странство („Службен лист на СФРЈ“, бр. 33/73) просечниот месечен износ на нето личен доход што осигуреникот го остварил според завршната сметка на организацијата за претходната година пред вработувањето односно упатувањето во странство валоризиран со просечниот пораст на нето личниот доход остварен во организацијата на здружениот труд односно друга организација во тековната година и утврден со завршната сметка за таа година. Таквата валоризација на нето личниот доход се врши и за секоја наредна година.

За лицата од претходниот став придонесот за здравствено осигурување во тековната година ќе се наплатува во вид на аконтација по основица што ја сочинува остварениот нето личен доход во претходната година, односно за наредните години основицата од претходната година.

За лицата кои не остварале личен доход според завршната сметка за претходната година пред годината во која стапиле односно биле упатени на

работа во странство, како основица за пресметување на придонесот за таа година се зема аконтацијата на нето личниот доход што тие лица ја остварале на работа во Југославија во истата година.

Доколку се утврди дека по завршната сметка на организацијата не дошло до намалување на просечниот нето личен доход, за пресметување на придонесот се зема основицата по која била плаќана аконтацијата на придонесот во таа година;

2) за лицата што врз основа на меѓународни спогодби стапиле во работен однос кај меѓународни и други организации, како и за лицата што се на работа во странство кај организации во чие основање, управување и финансирање учествуваат југословенски организации (мешани друштва) и слично — просечниот месечен износ на нето личниот доход што го остварил осигуреникот според завршната сметка за претходната година пред годината во која е вработен во странство, со тоа што во секоја наредна година се врши ново пресметување на основицата.

Пресметувањето на основицата, во смисла на претходните ставови од оваа точка, наплатата на придонесот во тековната година ќе се врши во вид на аконтација според утврдената основица за претходната година.

За лицата од став 1 на оваа точка кои не остариле личен доход според завршната сметка за претходната година, основицата за пресметување на придонесот се утврдува на начин предвиден во точка 1 став 3 од оваа одлука;

3) за лица во работен однос кај странски работодавци кои не се задолжително осигурени во земјата во која се вработени, како и за лицата од ставот 1 точка 2 на овој член кои не остариле личен доход според завршната сметка за претходната година пред стапувањето на работа во странство ниту аконтација на личниот доход од претходната година, основицата за пресметување на придонесот за 1977 година се утврдува во паушален нето износ и тоа:

— од 6.980 динари месечно — за лицата со висока стручна подготовка;

— од 5.240 динари месечно — за висококвалификувани работници и лица со виша стручна подготовка;

— од 4.235 динари месечно — за квалификувани работници и лица со средна стручна подготовка;

— од 3.240 динари месечно — за приучени работници и лица со нижа стручна подготовка; и

— од 2.490 динари месечно — за неквалификувани работници и лица без стручна подготовка.

Износите на основиците од претходниот став се валоризираат со просечниот пораст на личните доходи по еден работник во СР Македонија за секоја наредна година, почнувајќи од 1. 1. 1978 година.

Стручната подготовка односно квалификацијата се определуваат според важечките прописи во Југославија;

4) за лицата вработени во домаќинствата на југословенските државјани во работен однос во странство кај југословенските организации — паушална основица за 1977 година во нето износ од 2.490 динари, со тоа што овој износ ќе се валоризира во смисла на став 2 од точка 3 на овој член;

5) за лицата вработени во странство на кои не им се обезбедува здравствена заштита на членовите на нивните семејства кои живеат во СР Македонија од странскиот носител на осигурувањето, придонесот за здравствено осигурување ќе им се пресметува според бројот на осигурените членови на семејството во височина на просечниот износ на трошоците за здравствена заштита по осигурено лице остварени на подрачјето на основната односно Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за таа година;

6) југословенските државјани вработени или упатени на работа во странство придонесот го пресметуваат и уплатуваат во конвертибилна валута. Ако овие лица се вработени во земјите во кои плаќањето се врши во клиринг, придонесот може да се плаќа во динари.

Член 3

Основиците за пресметување и утврдување на придонес за здравствено осигурување на лицата кои со личен труд вршат самостојна дејност во вид на занимање, на кои основиците на придонесот за здравствено осигурување не им се утврдени со закон, им се утврдуваат основици во нето паушален износ за 1977 година, и тоа:

1) на самостојните занаетчии, самостојните угостители и превозниците во јавниот патен сообраќај — утврдениот паушален износ на данокот од самостојно вршење на занаетчиска, угостителска односно превозничка дејност помножен со бројот колку што изнесува најниската стапка на данокот од личниот доход од самостојно вршење на занаетчиска, угостителска односно превозничка дејност за тековната година;

2) на продавачите на печат (колпортери) — износ од 2.520 динари;

3) на лицата што вршат определени верски функции, односно должности во рамките на верските заедници и органите на кои им припаѓаат и тоа на припадниците на православната, католичката, методистичката и евангелистичката црква, како и исламската верска заедница, во зависност од школската подготовка и годините на стажот и тоа:

— со висока школска подготовка:

| | | |
|---|---|---|
| до 10 години | — 2.735 | динари, |
| над 10 до 20 години | — 2.940 | динари, |
| над 20 до 30 години | — 3.435 | динари, |
| над 30 години | — 3.990 | динари, |

— со виша школска подготовка:

| | | |
|---|---|---|
| до 10 години | — 2.455 | динари, |
| над 10 до 20 години | — 2.735 | динари, |
| над 20 до 30 години | — 3.200 | динари, |
| над 30 години | — 3.640 | динари, |

— со средна школска подготовка:

| | | |
|---|---|---|
| до 10 години | — 2.170 | динари, |
| над 10 до 20 години | — 2.455 | динари, |
| над 20 до 30 години | — 2.940 | динари, |
| над 30 години | — 3.435 | динари, |

— со нижа школска подготовка:

| | | |
|---|---|---|
| до 10 години | — 1.890 | динари, |
| над 10 до 20 години | — 2.170 | динари, |
| над 20 до 30 години | — 2.455 | динари, |
| над 30 години | — 2.735 | динари. |

4) за други лица што вршат самостојна дејност со личен труд во вид на занимање, во согласност со прописите за вршење на таква дејност, кои не се опфатени во точките 1—3 од овој член и на кои данокот на придонес од самостојна дејност е утврден во паушален годишен износ, основица од 2.490 динари;

5) за лицата здравствено осигурени по основ на вршење на дејност слична на стопанските дејности во согласност со закон, годишниот паушален износ на данокот од личен доход од самостојни вршења на стопански дејности помножен со најниската стапка на данокот од оваа дејност на подрачјето на општината на која се врши дејноста

Основиците утврдени во претходниот став ќе се валоризираат секоја наредна година, почнувајќи од 1 јануари 1978 година, со процентот на просечниот пораст на номиналниот личен доход по еден работник во СР Македонија во тековната година.

До утврдување на основиците од претходниот став, наплатата на придонесот во тековната година ќе се врши во вид на аконтација според утврдената основица за претходната година.

Член 4

За лицата на школување, стручно усовршување односно постдипломски студии кои поради тоа го раскинале работниот однос, како и за лицата кои основната заедница на здружениот труд пред засновување на работниот однос со нив ги упати како свои стипендијанти на практична работа во други организации заради стручно оспособување, како основица за пресметување и уплатување на придонесот служи стипендијата во нето месечен износ.

Член 5

За вработените лица за време на користење неплатено отсуство, како основица за пресметување и уплатување на придонесот служи аконтацијата на личниот доход во нето износ остварена во месецот пред почетокот на користењето на неплатеното отсуство односно основицата од која е утврден надоместокот на личниот доход за месецот кој претходи на месецот во кој е започнато користењето на неплатеното отсуство.

Член 6

На лицата здравствено осигурени според член 17 став 1 точките 1—4 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр 21/71 и 24) придонесот за здравственото осигурување се утврдува во височина на просечниот износ на трошоците за здравствена заштита по едно осигурено лице, а за лицата на кои им се обезбедува здравствена заштита само во случај на несреќа на работа и професионални заболувања (член 18 од цитираниот закон )— во височина на просечните трошоци за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и професионални заболувања по еден активен осигуреник, остварени на подрачјето на основната односно општинската заедница на здравството и здравственото осигурување по завршната сметка за претходната година, валоризирани со планираниот пораст на потрошувачката во здравството за подрачјето на Заедницата за тековната година.

Член 7

Основиците утврдени со оваа одлука со валоризацијата не можат да бидат помали од износот на минималниот личен доход утврден со закон за годината за која се пресметува придонесот.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување основица за пресметување и плаќање на придонесот и за остварување на правата по основ на здравственото осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, превозници и адвокати („Службен весник на СРМ“, бр. 28/74).

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

Бр. 01-22
23 мај 1977 година
Берово

Претседател,
**Александар Фурнаџиски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

**265.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9 и член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седниците на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 19 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување, бр. 03-870/1 од 25 април 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 25/75) членот 6 се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува·

— на подрачје на општината — 25,00 динари,
— на подрачје на СР Македонија — 85,00 динари, освен Скопје,
— на подрачје надвор од СРМ — 180,00 динари,
— за Скопје — паушал од 35,00 динари.

На децата на осигуреникот до 7 годишна возраст им припаѓа 50% од надоместокот утврден во претходниот став.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 03-1209/1
19 мај 1977 година
Куманово

Претседател,
**Драган Величковски,** с. р.

**266.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8 и член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74) и член 25 став 1 точка 9, во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седниците на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 19 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на помошта за спрема на новородено дете бр. 03-868/1 од 25. 04. 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 20/75) членот 1 се менува и гласи: „Висината на помошта за спрема за новородено дете изнесува 300 динари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 03-1210/1
19 мај 1977 година
Куманово

Претседател,
**Драган Величковски,** с. р.

**267.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9, во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седница на Соборот на делегатите — корисници на услугите, одржана на 19 мај 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица, бр. 03-869/1 од 25 април 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 20/75) членот 1 се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица изнесува:

— за лица до 1 годишна возраст — 600 динари,

— за лица од 1—7 годишна возраст 1000 динари,

— за лица од 7—14 годишна возраст 1300 динари,

— за лица над 14 годишна возраст 1700 динари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 03-1211/1
19 мај 1977 година
Куманово

Претседател,
**Драган Величковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

**268.**

Врз основа на член 37 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9 и член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите, корисници на услугите — работници, одржана на 17 мај 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување, бр. 01-1307/1 од 17 мај 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 25/76), членот 6 се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— на подрачјето на општината — 25,00 динари;

— на подрачјето на СР Македонија — 85,00 динари;

освен Куманово, Штип, Пробиштип и Крива Паланка;

— на подрачјето надвор од СРМ — 180,00 динари.

За Куманово, Штип, Пробиштип и Крива Паланка — паушален износ од 35,00 динари.

На децата на осигурениkот до 7 годишна возраст им припаѓа 50% од надоместокот утврден во претходниот став.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 01-1905/1
17 мај 1977 година
Кратово

Претседател,
инж. **Митко Георгиевски,** с. р.

**269.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8 и член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), и член 25 став 1 точка 9, во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услугите — работници, одржана на 17 мај 1977 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Во Одлуката за висината на помошта за спрема на новородено дете, бр. 01-1305/1 од 17. 5. 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 25/75), членот 1 се менува и гласи: „Висината на помошта за спрема за новородено дете изнесува 300 динари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 01-1906/1
17 мај 1977 година
Кратово

Претседател,
инж. **Митко Георгиевски,** с. р.

**270.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“, бр. 21/71), член 9 став 1 точка 8, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), член 25 став 1 точка 9, во врска со член 26 став 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите, одржана на 17 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица, бр. 01-1306/1 од 17 мај 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 26/75), членот 1 се менува и гласи:

„Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица изнесува:

— за лица до 1 годишна возраст — 600 динари;

— за лица од 1—7 годишна возраст — 1.000 динари;

— за лица од 7—14 годишна возраст 1.300 динари;

— за лица над 14 годишна возраст — 1.700 динари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јуни 1977 година.

Бр. 01-1907/1
17 мај 1977 година
Кратово

Претседател,
инж. **Митко Георгиевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**271.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Свети Николе, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување, на заедничката седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите, одржана на 25 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ, ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1977 ГОДИНА

I

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно планирани приходи | — 20.667.000,00 | динари |
| 2 | Издвојување за задолжителна резерва 3% | — 620.010,00 | „ |
| 3. | Издвојување на незадолжителна резерва 4% | — 826.680,00 | „ |
| 4. | Приходи по издвојување | — 19.220.310,00 | „ |
| 5. | Вкупно планирани расходи | — 19.220.310,00 | „ |

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 2/4-3
25 мај 1977 година
Свети Николе

Претседател,
**Богатинов Здравко,** с. р.

**272.**

Врз основа на член 25 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, Собранието на заедницата на здравството и здравственото осигурување, на заедничката седница на Соборот на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на даватели на услугите од здравствените работни организации, одржана на 25 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СВЕТИ НИКОЛЕ, ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1977 ГОДИНА

I

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно планирани приходи | — 2.154.009,76 | динари |
| 2. | Задолжително издвојување | — 64.620,25 | „ |
| 3 | Приходи по издвојувањето | — 2.089.389,51 | „ |
| 4. | Вкупно планирани расходи | — 2.089.389,51 | „ |

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Бр. 2/4-4
25 мај 1977 година
Свети Николе

Претседател,
**Богатинов Здравко,** с. р.

**273.**

Врз основа на член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, Собранието на Заедницата на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, на седницата одржана на 25 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИ ЛИЦА

Член 1

Во одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица („Службен весник на СРМ“, бр. 10/75) членот 1 се изменува и гласи:

„Во случај на смрт на осигурено лице припаѓа надоместок на трошоци за закоп и тоа:

— на личен осигуреник или член на фамилијата над 14 годишна возраст — 1.600,00 динари;

— за осигурени лица од 1 до 14 годишна возраст надоместокот да изнесува — 1.000,00 динари; и

— до 1 годишна возраст — 700,00 динари“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 2/4-5
25 мај 1977 година
Свети Николе

Претседател,
**Богатинов Здравко,** с. р.

---

**274.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 17 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 25 точка 10 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Свети Николе, Собранието на Заедницата на соборот на делегатите на работниците корисници на услугите, одржана на 25 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Во одлуката за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете („Службен весник на СРМ" бр. 10/75), бројката „250" динари под II, се заменува со бројката „400" динари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 2/4-6
25 мај 1977 година
Свети Николе

Претседател,
**Богатинов Здравко,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — РЕСЕН

**275.**

Врз основа на член 45 од Законот за самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 69 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура и член 20 од Самоуправната спогодба за основање на самоуправна интересна заедница на физичката култура, Собранието на заедницата на седницата одржана на 26 мај 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — РЕСЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат организациите на здружен труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување на средства за финансирање на Самоуправната интересна заедница на физичката култура — Ресен.

Член 2

Стапките на придонесите се утврдуваат:

— од доходот на организациите на здружен труд по стапка од 0,07%;

— од личен доход од работен однос од нестопански дејности по стапка од 0,50%;

— од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност по стапка од 0,15%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-37/1
26 мај 1977 година
Ресен

Потпретседател,
**Христо Ѓеоргиевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РЕСЕН

**276.**

Врз основа на член 32 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 57 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата и член 20 од Самоуправната спогодба за основање на самоуправна интересна заедница на културата, Собранието на заедницата на седницата одржана на 18 април 1977 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — РЕСЕН

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат организациите на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување на средства за финансирање на Самоуправната интересна заедница на културата — Ресен.

Член 2

Стапките на придонесите се утврдуваат:

— од доходот на организациите на здружен труд по стапка од 0,35%;

— од личен доход од работен однос од нестопански дејности по стапка од 2,30%;

— од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност по стапка од 0,15%;

— од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност по стапка од 0,15%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1977 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 01-34/1
18 април 1977 година
Ресен

Претседател,
**Ефтим Божиновски,** с. р.

# КОНКУРСИ

Советот на Земјоделскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за избор на следното работно место:

— еден наставник во звањето доцент или вонреден професор по предметот Стандардизација и чување на овошјето

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото образование на СРМ.

Пријавите се поднесуваат до Деканатот на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови.

Пријавата, кусата биографија и списокот на стручните и научните трудови се поднесуваат во четири примероци.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетни документи нема да се земаат предвид при разгледувањето. (176)

---

Врз основа на член 107 од Статутот, а по одлука на Советот на Медицинскиот центар „Борис Канчески“ — Гостивар, донесена на седницата одржана на 1. 06. 1977 година се

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на долунаведените работни места и тоа:

1. Началник на работната единица — Општа болница 1
2. Началник на работната единица — Диспанзер по медицина на трудот со Амбулантна поликлиника, брза помош, централна лабораторија и специјалистички служби 1
3. Началник на работната единица — Диспанзер за претшколски и школски деца со здравствени станици по селата 1
4. Началник на работната единица — Превентивно диспанзерска служба 1
5. Началник на работната единица — Стоматолошка заштита 1
6. Началник на работната единица — Снабдување со лекови и санитетски материјали — Аптека 1
7. Началник на работната единица — Заеднички служби 1

Услови:

Покрај општите услови предвидени со Законот за здружениот труд, кандидатите што ќе учествуваат на овој конкурс потребно е да ги исполнуваат и следните услови:

1. За работните места под реден број 1, 2 и 3 треба да се лекари специјалисти со 5 години работно искуство од кои 2 години на раководно работно место;

2. За работното место под реден број 4 да е лекар специјалист рентгенолог, фтизиолог, епидемиолог или микробиолог со 5 години работно искуство од кои 2 години на раководно работно место;

3. За работното место под реден број 5 да е дипломиран фармацеут со 5 години работно искуство од кои 2 години на раководно работно место;

4. За работното место под реден број 6 да е лекар стоматолог специјалист со 5 години работно искуство од кои 2 години на раководно работно место;

5. За работното место под реден број 7 да има завршено економски факултет со 5 години работно искуство од кои 2 години на раководно работно место.

Предност имаат кандидатите што се во редовен работен однос во Медицинскиот центар „Борис Канчески“ — Гостивар.

Кандидатите што ќе учествуваат на овој конкурс потребно е да ги достават следните документи:

1. Молба таксирана со 2 динари таксена марка,
2. Работна книшка,
3. Доказ за завршена стручна спрема и
4. Доказ за работно искуство.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Молбите се доставуваат до Медицинскиот центар „Борис Канчески“ — Гостивар. (175)

---

**СОДРЖИНА**


Страна

310. Закон за положбата и овластувањето на Црвениот крст на Македонија — — — 537
311. Закон за студентските домови — — — 538
312. Закон за изменување и дополнување на Законот за боречки додаток на учесниците во Народноослободителното движење во егејскиот дел на Македонија — — — 541
313. Закон за изменување и дополнување на Законот за посебниот данок на промет на производи и услуги — — — — — 542
314. Закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на недвижности и права — — — — — — — 542
315. Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пожар — — — 543
316. Одлука за Завршната сметка на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1976 година — — — — — — 550
317. Одлука за Програмата за учество на Републиката во изградбата и реконструкцијата на патиштата од IV ред во СРМ во периодот од 1976 до 1980 година — 550
318. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Филолошкиот факултет во Скопје — — — — 551
319. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Филозофско-историскиот факултет во Скопје — 552
320. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Правниот факултет во Скопје — — — — — 552
321. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Економскиот факултет во Скопје — — — — — 552
322. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Градежниот факултет во Скопје — — — — — 552
323. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Биолошкиот факултет во Скопје — — — — — 553
324. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Географскиот факултет во Скопје — — — — 553
325. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Високата музичка школа во Скопје — — — — 553
326. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на декан на Високата економска школа во Прилеп — — — 553
327. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Скопје — — — — 554

328. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Битола — — — — 554

329. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Педагошката академија во Штип — — — — 554

330. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Вишата школа за социјални работници во Скопје 554

331. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Вишата школа за физичка култура во Скопје — 555

332. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Вишата земјоделска школа во Битола — — — 555

333. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Вишата земјоделска школа во Струмица — — 555

334. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Вишата туристичко-угостителска школа во Охрид — — — — — — — — — — 555

335. Одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на Универзитетскиот центар за општествени науки — — — — — — — — 556

336. Одлука за именување членови на Советот на Универзитетскиот центар на уметностите во Скопје — — — — — — 556

337. Одлука за разрешување и именување член на Советот на Студентскиот центар во Скопје — — — — — — — — 556

338. Одлука за именување членови на Комисијата за избор на директор на Институтот за сеизмологија во Скопје — — — 557

339. Одлука за именување член на Конкурсната комисија за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на ОЗТ „Лотарија на Македонија“ во Скопје — — — — — — — — — 557

340. Одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на колегијален работоводен орган на Универзитетскиот центар на уметностите 557

341. Одлука за определување нивото до кое можат да се формираат цените на производите од искористување на шумите — 557

342. Одлука за распределба на приходот на Лотаријата на Македонија за 1977 година 558

343. Одлука за пренесување на опрема на Заводот за геодетски и фотограметриски работи — — — — — — — — — 558

344. Одлука за намените и критериумите за распределба на девизната квота по основ на откупените девизни дознаки на работниците и иселениците за 1977 година 558

345. Упатство за постапување на судовите, јавните обвинители и казнено-поправните установи по предметите за помилување 559

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

Струга

262. Одлука за стапката на придонесот од катастарскиот доход и паушалниот придонес по осигурено лице за здравствено осигурување на земоделците за 1977 година — — — — — — — — — 560

Берово

263. Одлука за висината и утврдување на основиците за пресметување на придонесот за здравствено осигурување и остварување на правата од здравственото осигурување на одделни категории осигуреници 561

264. Одлука за утврдување на основиците за пресметување и уплатување на придонес за здравствено осигурување на осигурениците за кои со закон не се утврдени основици — — — — — — — — 561

Куманово

265. Одлука за измена на Одлуката за надоместокот на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување — — — — — — 563

266. Одлука за измена на Одлуката за висината на помошта за спрема на новородено дете — — — — — — — — 563

267. Одлука за измена на Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица — — — — 564

Кратово

268. Одлука за измена на Одлуката за надоместок на патните трошоци во врска со остварувањето на правата од здравственото осигурување — — — — — — 564

269. Одлука за измена на Одлуката за висина на помошта за спрема на новородено дете — — — — — — — — — 564

270. Одлука за измена на Одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица — — — — 565

Свети Николе

271. Одлука за усвојување на финансискиот план на приходите и расходите на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, за здравственото осигурување на работниците за 1977 година — — — — — — — — 565

272. Одлука за усвојување на финансискиот план на приходите и расходите на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Свети Николе, за здравствено осигурување на земјоделците за 1977 година — — — — — — — — 565

273. Одлука за измена на Одлуката за височината на надоместокот на трошоците за закоп и посмртна помош на осигурени лица — — — — — — — — — 566

274. Одлука за измена на Одлуката за височината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете — — — 566

Ресен

275. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на Самоуправната интересна заедница на физичката култура — Ресен 566

276. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на Самоуправната интересна заедница на културата — Ресен — — 566

**Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**